ПЛАН:	УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА Е-ИНФРАСТРУКТУРА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (НАД 10 MW) ВО КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП, КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН	ФАЗА:	УППГДЗ
ПРИЛОГ:	ПРЕГЛЕДНА СИТУАЦИЈА	ТЕХ. БРОЈ: У-34-1/21	РАЗМЕР: 1:10000
ПЛАНЕРИ:	ЕМИЛИЈА ГАЛОВСКА д.и.а. овл. бр. 0 .0231 - НОСИТЕЛ НА ПЛАН АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ д.и.а. овл. бр. 0 .0500 - планер АНИЦА СТОЈАНОВСКА д.и.а. овл. бр. 0 .0363 - планер	ПЛАНЕРСКА КУКА:	
СОРАБОТНИК:	м-р. ТАЊА ТРЕНДОВА д.и.а.	ЛИЦЕНЦА БРОЈ:	0089
УПРАВИТЕЛ: д.и.а ВЕСНА ВАСИЛЕВА		ДАТА: ОКТОМВРИ, 2023	ЛИСТ БР: 2



УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА Е-ИНФРАСТРУКТУРА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (НАД 10 MW) ВО КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП, КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН

ОПШТИНА ШТИП

ЛЕГЕНДА:


- **ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=7 346 347,11м² = 734,63ha**
- ОПФАТ ЗА АЖУРИРАЊЕ
- УРБАНИСТИЧКИ ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- 436.51 АПСОЛУТНИ НАДМОРСКИ ВИСИНИ
- 348 БРОЈ НА КАТАСТАРСКИ ПАЦЕЛИ
- ИЗОХИПСИ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ

АТРИУМ СТУДИО ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"НИКОЛА НЕХТЕНИН" БР 1 - ШТИП ТЕЛ. 032 383 - 033

НАРАЧАТЕЛ:	**Друштво за производство, трговија и услуги „АЛБА ЕНЕРГИ ГРУП" ДООЕЛ - СКОПЈЕ**		
ПЛАН:	**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА Е-ИНФРАСТРУКТУРА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (НАД 10 MW) ВО КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП, КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН**	ФАЗА:	УППГДЗ
ПРИЛОГ:	**АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ**	ТЕХ. БРОЈ: **У-34-1/21**	РАЗМЕР: 1:10000
ПЛАНЕРИ:	**ЕМИЛИЈА ГАЛОВСКА д.и.а.** овл. бр. 0 .0231 - НОСИТЕЛ НА ПЛАН **АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ д.и.а.** овл. бр. 0 .0500 - планер **АНИЦА СТОЈАНОВСКА д.и.а.** овл. бр. 0 .0363 - планер	ПЛАНЕРСКА КУКА:	
СОРАБОТНИК:	**м-р. ТАЊА ТРЕНДОВА д.и.а.**	ЛИЦЕНЦА БРОЈ: 0089	
УПРАВИТЕЛ: д.и.а ВЕСНА ВАСИЛЕВА		ДАТА: **ОКТОМВРИ, 2023**	ЛИСТ БР: 3



Билансни показатели - постојна состојба		
намена	изградена површина m^2	процент на изграденост %
Изградено земјиште - пристапен локален пат	35.085,64	0,48
Неизградено земјиште	7.311.261,47	99,52
Вкупно	**7.346.347,11**	**100**

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА Е-ИНФРАСТРУКТУРА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (НАД 10 MW) ВО КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП, КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН

ОПШТИНА ШТИП

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=7 346 347,11м² = 734,63ha

НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ


ПРИСТАПЕН ЛОКАЛЕН ПАТ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"НИКОЛА НЕХТЕНИН" БР 1 - ШТИП ТЕЛ. 032 383 - 033

НАРАЧАТЕЛ:	**Друштво за производство, трговија и услуги „АЛБА ЕНЕРГИ ГРУП" ДООЕЛ - СКОПЈЕ**		
ПЛАН:	**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА Е-ИНФРАСТРУКТУРА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (НАД 10 MW) ВО КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП, КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН**	ФАЗА:	**УППГДЗ**
ПРИЛОГ:	**ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД**	ТЕХ. БРОЈ: **У**-34-1/21	РАЗМЕР: 1:10000
ПЛАНЕРИ:	**ЕМИЛИЈА ГАЛОВСКА д.и.а.** овл. бр. 0 .0231 - НОСИТЕЛ НА ПЛАН **АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ д.и.а.** овл. бр. 0 .0500 - планер **АНИЦА СТОЈАНОВСКА д.и.а.** овл. бр. 0 .0363 - планер	ПЛАНЕРСКА КУКА:	
СОРАБОТНИК:	**м-р. ТАЊА ТРЕНДОВА д.и.а.**	ЛИЦЕНЦА БРОЈ:	0089
УПРАВИТЕЛ: д.и.а ВЕСНА ВАСИЛЕВА		ДАТА: **ОКТОМВРИ, 2023**	ЛИСТ БР: 4



УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА Е-ИНФРАСТРУКТУРА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (НАД 10 MW) ВО КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП, КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН

ОПШТИНА ШТИП

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=7 346 347,11м² = 734,63ha

ПРИСТАПЕН ЛОКАЛЕН ПАТ

НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ

* ЗАБЕЛЕШКА: НЕ ПОСТОИ ПОСТОЈНА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"НИКОЛА НЕХТЕНИН" БР 1 - ШТИП ТЕЛ. 032 383 - 033

НАРАЧАТЕЛ:	**Друштво за производство, трговија и услуги „АЛБА ЕНЕРГИ ГРУП" ДООЕЛ - СКОПЈЕ**		
ПЛАН:	**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА Е-ИНФРАСТРУКТУРА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (НАД 10 MW) ВО КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП, КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН**	ФАЗА:	УПППГДЗ
ПРИЛОГ:	**ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА**	ТЕХ. БРОЈ: У-34-1/21	РАЗМЕР: 1:10000
ПЛАНЕРИ:	**ЕМИЛИЈА ГАЛОВСКА д.и.а.** овл. бр. 0 .0231 - НОСИТЕЛ НА ПЛАН **АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ д.и.а.** овл. бр. 0 .0500 - планер **АНИЦА СТОЈАНОВСКА д.и.а.** овл. бр. 0 .0363 - планер	ПЛАНЕРСКА КУКА:	
СОРАБОТНИК:	**м-р. ТАЊА ТРЕНДОВА д.и.а.**	ЛИЦЕНЦА БРОЈ: 0089	
УПРАВИТЕЛ: д.и.а ВЕСНА ВАСИЛЕВА		ДАТА: **ОКТОМВРИ, 2023**	ЛИСТ БР: 5

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Предмет на разработка е Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење од член 17 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр.32/20) со предмет на уредување согласно член 47 став (3) точка 6 алинеа 5 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр.225/20, бр.219/21 и 104/22).

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење е изработен согласно член 44 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр.32/20) и истиот е со содржина согласно член 25 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр.32/20) и член 14,15 и 16 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр.225/20, бр.219/21 и 104/22).

Просторот дефиниран за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА Е-ИНФРАСТРУКТУРА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (НАД 10MW) ВО КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП, КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН, се наоѓа во територијата на Општина Штип, односно во КО Јамуларци и КО Скандалци.

Површина на планскиот опфат е **П = 734,63 ха**

2. ПРЕЦИЗЕН ОПИС НА ГРАНИЦАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СПОРЕД ГРАНИЦИТЕ НА КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ СО КОИ СЕ СОВПАЃА, РЕГУЛАЦИОНИ ЛИНИИ, ОСКИ НА УЛИЦИ ИЛИ ДРУГИ ЕКСПЛИЦИТНИ ЛИНЕАРНИ СИМБОЛИ НА ГЕОДЕТСКАТА ПОДЛОГА

Изработката на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење е во согласност со Законот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20 ,219/21 и 104/22).

Опфатот е формиран по границата на катастарските парцели во КО Јамуларци и КО Скандалци, Општина Штип.
Планираниот опфат за изработка на планската документација е дефиниран на графичките прилози кои се прикажани во прилог на планската програма.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со следните координати:

X	Y	X	Y
7583971,15	4621091,92	7584381	4621939
7583971,98	4621092,92	7584351	4621956
7583986,11	4621109,99	7584325	4621988
7583998,09	4621122,54	7584309	4622024
7584015,35	4621139,29	7584299	4622052
7584021,68	4621154,36	7584302	4622062
7584030,47	4621173,91	7584308	4622070

7584041,89	4621185,92	7584316	4622074
7584058,28	4621200,28	7584344	4622082
7584076,43	4621223,35	7584375	4622090
7584087,18	4621237,61	7584388	4622095
7584102,15	4621249,29	7584396	4622092
7584117,23	4621261,89	7584415	4622081
7584139,35	4621286,71	7584449	4622063
7584171,07	4621319,19	7584484	4622063
7584185,9	4621328,95	7584514	4622059
7584196,62	4621336	7584548	4622052
7584203,17	4621341,18	7584578	4622035
7584203,94	4621341,78	7584594	4622012
7584227,8	4621360,65	7584611	4621993
7584250,76	4621373,57	7584637	4621978
7584267,29	4621389,52	7584653	4621971
7584288,57	4621425,96	7584675	4621957
7584300	4621440,85	7584700	4621955
7584318,09	4621445,94	7584725	4621960
7584338,06	4621456,42	7584743	4621970
7584362,35	4621474,04	7584753	4621978
7584385,76	4621486,02	7584765	4621975
7584405,93	4621500	7584810	4621933
7584421,35	4621513,53	7584816	4621926
7584430,74	4621532,52	7584818	4621917
7584435,5	4621544,48	7584817	4621888
7584437,91	4621557,4	7584817	4621864
7584438,58	4621561,76	7584820	4621828
7584442,56	4621587,84	7584814	4621798
7584441,21	4621612,68	7584825	4621775
7584434,9	4621627,53	7584827	4621752
7584423,48	4621644,31	7584829	4621714
7584410,72	4621663,84	7584833	4621672
7584406,14	4621681,56	7584854	4621639
7584410,27	4621696,94	7584880	4621604
7584423,71	4621718,85	7584909	4621576
7584430,65	4621750,43	7584936	4621555
7584425,35	4621789,26	7584968	4621535
7584430,22	4621809,12	7584998	4621525
7584428,9	4621836,47	7585036	4621518
7584427,53	4621866,33	7585087	4621507
7584423,19	4621891,45	7585119	4621500
7584405,43	4621919,45	7585123	4621499

X	Y	X	Y
7585154,38	4621481,48	7590723	4619740

7585289,74	4621337,18	7590731	4619710
7585296,08	4621330,42	7590732	4619691
7585808,4	4620784,22	7590723	4619645
7585839,13	4620751,47	7590745	4619603
7586004,29	4620575,39	7590785	4619564
7586309,55	4620231,76	7590860	4619577
7586372,26	4620161,16	7590887	4619634
7586583,93	4620066,11	7590892	4619672
7586721,6	4620004,29	7590909	4619710
7586900,25	4619924,07	7590922	4619739
7586926,53	4619912,27	7590968	4619787
7587368,4	4619713,86	7590961	4619844
7587374,93	4619710,92	7590952	4619875
7588004,35	4619428,29	7590954	4619888
7588091,1	4619386,68	7590958	4619895
7588095,41	4619384,61	7590972	4619853
7588755,01	4619068,22	7591003	4619842
7588752,03	4619080,6	7591007	4619770
7588911,47	4619158,89	7591090	4619664
7588969,27	4619187,28	7591099	4619652
7588974,07	4619189,64	7591100	4619645
7588984,69	4619194,85	7591116	4619505
7589089,59	4619246,36	7591117	4619502
7589199,68	4619300,42	7591132	4619372
7589326,98	4619362,93	7591132	4619371
7589344,06	4619371,32	7591140	4619302
7589396,56	4619397,1	7591125	4619278
7589504,76	4619450,23	7591049	4619155
7589540,51	4619467,79	7590968	4619025
7589637,35	4619515,34	7590837	4618813
7589682,94	4619537,72	7590816	4618785
7589699,84	4619546,02	7590624	4618523
7589785,86	4619588,27	7590258	4618473
7589802,11	4619596,24	7590209	4618466
7590420,004	4619899,664	7590168	4618460
7590420,004	4619899,664	7590130	4618455
7590425,979	4619887,883	7590038	4618443
7590502,76	4619834,304	7589848	4618417
7590569,928	4619905,876	7589828	4618414
7590582,887	4619911,595	7589352	4618349
7590606,074	4619911,178	7589344	4618348
7590642,622	4619890,954	7588970	4618297
7590691,749	4619917,447	7588929	4618341
7590708,612	4619897,23	7587980	4618849
7590730,218	4619891,204	7587957	4618852
7590686,708	4619886,773	7587886	4618876

7590648,92	4619798,603	7587750	4618936
7590713,092	4619754,279	7587662	4618975

X	Y	X	Y
7587658,551	4618977,529	7584519	4620378
7586215,926	4619505,75	7584527	4620390
7585656,256	4619662,305	7584527	4620409
7585603,504	4619677,06	7584522	4620426
7584935,032	4619864,052	7584521	4620428
7584855,771	4619890,19	7584518	4620446
7584703,258	4619931,397	7584517	4620473
7584696,311	4619933,275	7584521	4620500
7584472,093	4619993,856	7584525	4620524
7584395,641	4620014,513	7584523	4620547
7584205,133	4620065,986	7584518	4620565
7584202,704	4620066,644	7584508	4620579
7583850,077	4620161,921	7584498	4620594
7583838,518	4620165,042	7584494	4620614
7583769,799	4620183,611	7584494	4620618
7583600,183	4620229,439	7584487	4620642
7583600,183	4620229,439	7584476	4620663
7583605,04	4620239,33	7584464	4620684
7583623,28	4620268,24	7584449	4620698
7583648	4620289,6	7584436	4620716
7583676,99	4620317,01	7584410	4620741
7583680,32	4620320,53	7584393	4620751
7583707,74	4620349,54	7584380	4620756
7583736,65	4620382,13	7584363	4620759
7583762,51	4620417,71	7584322	4620767
7583786	4620444,98	7584272	4620775
7583806,58	4620457,11	7584233	4620780
7583840,06	4620463,96	7584194	4620784
7583869,87	4620461,24	7584165	4620792
7583904	4620451,42	7584122	4620805
7583938,23	4620438,51	7584071	4620818
7583976,97	4620426,77	7584013	4620833
7583992,63	4620414,08	7583955	4620861
7584023,19	4620403,77	7583921	4620876
7584058,74	4620395,06	7583890	4620900
7584094,87	4620389,84	7583878	4620916
7584125,75	4620393,13	7583879	4620941
7584149,68	4620392,99	7583889	4620965
7584185,95	4620389,4	7583900	4620983
7584221,83	4620389,56	7583912	4621012
7584254,54	4620393,86	7583924	4621032
7584291,57	4620392,7	7583941	4621056

7584325,01	4620393,83	7583954	4621071
7584356,02	4620394,09	7583969	4621089
7584384,44	4620391,94		
7584425,03	4620383,47		
7584460,85	4620375,71		
7584484,69	4620367,93		
7584503,66	4620366,91		

Границата на планскиот опфат се движи по следните катастарски парцели:

Од север: 16/1, 37/4, 49/3, 51/1, 54/4, 77/2, 56/2, 78/2, 77/3, 80/2, 57/2, 42/4, 71/3, 84/3, 83/1, 82/1, 74/1, 80/3, 72/1, 70/1, 51/4, 44/3, 42/6, 44/2, 52/2

Од исток: 52/2, 52/1, 55/6, 62/13, 62/15, 62/14, 62/6, 62/4, 62/2

Од југ: 62/2, 64/2, 104/3, 63/2, 104/2, 100/2, 96/2, 95/2, 98/2, 97/2, 74/11, 83/12, 77/10, 86/2, 32/2, 29/2, 25/3, 30/2, 25/2

Од запад: 25/2, 25/1, 21/9, 21/8, 21/7, 21/6, 19/2, 21/3, 16/2, 16/1, 37/4

Површина на плански опфат - 734,63 ха

3. СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД РАЗВОЈНИ СТРАТЕГИИ, ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ЗАФАТ И ПРЕТСТАВУВААТ ОБВРСКИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Во условите е напоменато да планската документација се усогласи со Законот и Правилникот за урбанистичко планирање. Условите за планирање претставуваатвлезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на плански концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот обработени согласно Просторниот план на Република Македонија.

Заклучни согледувања издадени во Условите за планирање кои произлегуваат од просторниот план се:

Изградбата на фотоволтаични електрани е во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори.

Изградбата на површинските соларни и фотоволтаични електрани каде ќе се користи сончевата енергија, како обновлив извор, за производство на електрична енергија, во подрачје кое е сиромашно со хидроенергетски потенцијал, ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на регионот во согласност со принципите на еколошко и одржливо искористување на природните ресурси.

Опфатот на површинските соларни и фотоволтаични електрани зафаќа дел од сливот на планираната акумулација Јагмулар и се граничи со крајбрежниот појас на акумулацијата. Максималното ниво на водата во акумулацијата се предвидува на кота 250,0 м.н.в. Заради значењето и важноста на акумулациите како постојан

изворник на вода, секој субјект е должен во текот на своите активности да се однесува внимателно и рационално во користењето на водите,да го спречува загадувањето на водите и да избегнува активности кои може да предизвикаат негативни ефекти во сливното подрачје на акумулацијата.

Локацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Јамуларци и КО Скандалци, Општина Штип нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.

За новопредвидените градби потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Иницијативата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Јамуларци и КО Скандалци, Општина Штип, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енертија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

Релевантни регионални патни правци за предметната локација влегуваат во групата на регионални патишта "РТ"и "Ра" и се со ознака:

Р1312 - (Врска со А3-Крива круша-Велес-Извор-Прилеп-врска со Р1303),

Р1204 - (Куманово-врска со А2-Свети НПНиколе-Овче Поле-врска со А33-Кадрифаково-Штип-Софилари-врска со Ад).

При планирање да се почитува законот за јавни патишта. Предметната локација се наоѓа во заштитната зона на спортскиот аеродром, со тоа се напоменува да се почитува заштитната зона на спортскиот аеродром како и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

4. ЦЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Основна цел на **УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА Е-ИНФРАСТРУКТУРА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (НАД 10 MW) ВО КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП, КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН** е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на опфатот и постојните плански документации од повиско ниво. Цел на изработувањето на документацијата е формирање на градежни парцели за поставување на фотоволтаични централи за производство на електрична енергија над 10MW.

Според податоците на Светската банка од 2014 година, Северна Македонија е на 90-то место по производство на јаглерод диоксид по глава на жител, на 40-то место во производство на јаглерод диоксид по килограм еквивалент на нафта и на 22-то место во производство на јаглерод диоксид од активностите за греење и производство на електрична енергија. Ова покажува дека иако вкупното производство на јаглерод диоксид не е многу високо, поради прилично ниската економска активност на земјата, горивото што се користи за греење и производство на електрична енергија е меѓу најголемите загадувачи главно поради широката

употреба на дрво за греење и употреба на лигнит за производство на електрична енергија.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да се базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштита на животната средина.

Изградбата на фотоволтаични централи за производство на електрична енергија на дадената локација ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).

5. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО КОЈ СЕ ПОСТИГААТ ЦЕЛИТЕ НА ПЛАНОТ,СО ОСВРТИ НА СИТЕ РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ И ПОСЛЕДИЦИ ОД ПЛАНИРАНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ РЕШЕНИЈА И ОДРЕДБИ

Појдовна точка во изнаоѓање на концепцијата на решението на **УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА Е-ИНФРАСТРУКТУРА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (НАД 10 MW) ВО КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП, КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН,** покрај смерниците од Просторниот план на РСМ се и создадените услови на просторот кој е предмет на изработка на оваа урбанистичка документација. Концепцијата на решението произлегува од постојната состојба и увидот на лице место.

Површината на планскиот опфат е незградено земјиште. Со планот се формираат 3 градежни парцели и се предвидува површина за градба со намена во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр.32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр.225/20 , бр.219/21, 104/22).

Градежните парцели се планираат со основна класа на намена

Група на класа на намена: Е - Инфраструктури

Класа на намена: Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Поединечна намена: Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани

Е1.8-водови за пренос на електрична енергија

Е1.1- сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Комплементарни и компатибилни намени, ќе бидат утврдени во самиот урбанистички план согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ р.225/20,219/21, 104/22).

Планираната сообраќајна мрежа е усогласена со законската регулатива.

Предвидена се неколку пристапи до градежните парцели преку локалните пристапни патиште во близина на планскиот опфат. Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај за сите класи на намени, потребите за

паркирање за градежните парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела согласно член 225 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20 , бр.219/21, бр.104/22), како услов за градење при издавање на Одобрението за градење.

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење, за овој простор треба да овозможи сообраќајно поврзување до секоја градежна парцела, односно објект.

Во рамките на опфатот формирани се 5 градежни парцели.

ПРИКЛУЧОК НА МРЕЖА КОЈ ЌЕ БИДЕ ПРЕДМЕТ НА ИДНО ПЛАНИРАЊЕ

Приклучокот на мрежа е предмет на идно планирање, но е дефиниран во координација со МЕПСО кои изработуваат соодветна студија за приклучокот, условите и карактеристиките на опремата и решението.Во понатамошниот текст се дадени главните смерници на приклучокот на мрежа ,како концепт кој ќе биде дел од идна разработка и планирање.

Големината на инсталираната снага упатува на решение кое приклучокот да се изведе на напонско ниво од над 35 kV. Во тој смисол предвидено е на просторот од локацијата на погодно место и поред соодветен пристапен пат да се изгради една централна трафостаница над 35 kV.

Трафостаницата на напонско ниво од над 35 kV ќе содржи:

- Две далноводни полиња
- Две трансформаторски полиња, и
- Едно мерно поле

Два трансформатора 400/110 kV, 300 kVA.

Засега прифатлива варианта која е предложена од МЕПСО е вариантата со прекинување на постоечкиот далновод 400 kV кој ја поврзува трафостаницата ШТИП 1 и трафостаницата ДУБРОВО на местото со блискиот затезен столб и со еден дупли далновод 400 kV до новата трафостаница на локацијата од централата.

Во рамките на оваа парцела определени се простори со површини погодни за инсталирање на панели.

Во овие простори ќе се одвои простор наменет за сместување на СН дистрибутивни трафостаници.

Во парцелата ќе се формират редови на конструкција за панелите со осовина приближна исток-запад. Конструкцијата е фиксна со евентуална можност за сезонско нагодување на наклонот на панелите во два агла. Панелите ќе се монтират на конструкцијата во еден ред.

Низите се формират со приклучување на каблите кои се испорачуваат како составен дел од панелите. Низите со двата краја со соларен кабел се приклучуваат во

собирните кутии инсталирани во близина на инверторите. Од четири DC собирни кутии се формират врски до инверторот. Секој инвертор од АС страната се приклучува директно на НН развод од дистрибутивната СН трафостаница.

Инверторите ќе се инсталират во фотоволтното поле, зад панелите на држачи на кои ќе се инсталират и собирните кутии а конструкцијата ќе треба да овозможува сенка за опремата.


Електричните кабли во парцелата ќе се полагат делумно во надземно инсталирани кабел канали и делумно во земја.

Можностите на локацијата се инверторите да бидат приклучени на средонапонските дистрибутивни трафостаници распоредени во локацијата. Овие трафостаници преку среднот напон кабелски ќе се приклучат во постројката од централната трафостаница над 35 kV.

Надлежноста на операторот МЕПСО е формирање на концептот на оваа цетрална трафостаница. Линијата на разграничување по однос на слободата на понатамошно конципирање се клемите од раставувачите на 110 kV.

Согласно претходно изнесеното истото се однесува и во однос на испораката на опремата и монтажа на истата.

Во централата ќе се користи дистрибутивна трафостаница 10(20)/0,4kV, 1600kVA.



6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Цел на изработувањето и донесувањето на **УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА Е-ИНФРАСТРУКТУРА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ, (НАД 10MW) ВО КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП, КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН** е да се обезбедат услови за изградба и функционирање на површински соларни и фотоволтаични електрани.

Планскиот опфат на урбанистичкиот план, е дефиниран со важечката планска документација:

- За предметниот плански опфат издадени Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Јамуларци и КО Скандалци со технички број Y33721 за 429,79 ха и Решение за Услови за планирање на просторот со бр.УП 1-15 1850/2021 од 13.12.2021 год.издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање, како и Дополна на условите за планирање на просторот со технички број Y33721i за 304,4 ха и Решение за Услови за планирање на просторот со бр.УП 1-15 804/2022 од 05.05.2022 год.издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Анализата на просторниот потенцијал на планскиот опфат, посебните одредби – што произлегуваат од Условите за планирање на просторот и Планската програма ќе бидат платформа за изработување на планот во рамките на концептот за организација на просторот.

Планскиот опфат претставува неизградено земјиште за кое има изработено ажурирана геодетска подлога чии податоци ќе бидат сметани како постојна состојба. Планскиот период на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење се предвидува да го опфати периодот од 2022 до 2032 година.

На ниво на опфат како доминантна намена одредена со издадени услови за планирање е групата на класи на намени:

Група на класа на намена: Е - Инфраструктури

Класа на намена: Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Поединечна намена: Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани

Е1.8-водови за пренос на електрична енергија

Е1.1- сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Комплементарни и компатибилни намени, ќе бидат утврдени во самиот урбанистички план согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ р.225/20,219/21, 104/22).

Цел на изработка на оваа планска документација е да се оформат градежни парцели за изградба на фотоволтаични електрани за производство на електрична енергија –соларни површински панели, со цел обезбедување на енергетска независност како стратешки потег и зачувување на земјиштето од загадување. Со незагадувачкиот Технолошки процес на производство на електрична енергија, незагадувањето на човечката околина и профитабилност Фотоволтаичните електрани - површински соларни панели позитивно ќе влијаат на економскиот развој на општината.

По усвојувањето на урбанистичкиот план, земјиштето во планскиот опфат добива статус на градежно земјиште.

Во граници на планскиот опфат планирани се 3 градежни парцели со класа на намена Е1 (Сообраќајни, линиски и др. инфраструктури), и поединечна намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани, Е1.8-водови за пренос на електрична енергија, Е1.1- сообраќајни, линиски и други инфраструктури.

6.1. ЕДИНИЦИ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Планскиот опфат дефинира една урбана целина и е соодветно нумериран во графичките прилози. Во границите на предметниот просторен опфат е извршена поделба и обележувањето на градежните парцели со нумерација на секоја градежна парцела посебно и тоа со арапски цифри, при што првите две цифри ја означуваат целината како урбан блок, а втората е единствена ознака за самата парцела; на пр. ГП 1.1 е градежна парцела 1 во рамките на блок 1.

Според оваа нумерација се изработени урбанистички параметри за секоја градежна парцела поединечно, на ниво на опфат и на ниво на планскиот опфат прикажани во синтезниот приказ.

6.2. КЛАСА НА НАМЕНИ

Со Планот се утврдени следните класи на намени:

Група на класа на намена: Е - Инфраструктури

Класа на намена: Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Поединечна намена: Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани

Е1.8-водови за пренос на електрична енергија

Е1.1- сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Класите на намени се впишани на самата површина за изградба во графичките прилози, како и во табелите со урбанистички показатели за секоја градежна парцела поединечно.

6.3. СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Пристапот до планскиот опфат е преку постојниот локален пат до КО Јамуларци и КО Скандалци.Трасата која се наоѓа во планскиот опфат до која се пристапува до градежнате парцели е претставена на Пресек 1-1, како индустриска улица со коридор од 11,8м. Две коловозниленти од по 3,5м и два тротоари со широчина од по 2,4м. Комплетна сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална, треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Пресметката за обезбедување на доволен број на паркинг места се утврдува според следните нормативи:

Е- ИНФРАСТРУКТУРИ - Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната наменана градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата н апроизводствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранцииза организиран превоз на вработените,водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што сеупотребува за потребите на основната намена на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела.

Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволена висина и површина за градба.

Радиуси и кривини на уличната мрежа се дадени адекватно со прописите од сообраќај и се стандардни. Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како верикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Стационарниот сообраќај - паркирање и/или гаражирање на потребен број моторнивозила е планирано во рамките на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се утврди согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20 , 219/21 и 104/22).

6.4. НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ

Со изработка на урбанистички план, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивелациското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот. При проектирањето на нивелетата се почитува природниот пад на теренот. Подолжните наклони на сите сообраќајници се движат во границите на максимално дозволените исклучителни подолжни наклони.

6.5. ЕЛЕКТРО - ЕНЕРГЕТИКА И ПТТ ИНСТАЛАЦИИ

Со оваа урбанистичка документација е предвидена изградба на комунална супраструктура **Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури**

Според површината на планскиот опфат од 734,63 ха и процентот на изграденост на истата од 100%, на истата може да се изгради фотонапонска централа со моќност од над 10 MW.

Можностите на локацијата се инверторите да бидат приклучени на средонапонските дистрибутивни трафостаници распоредени во локацијата. Овие трафостаници преку средниот напон кабелски ќе се приклучат во постројката од централната трафостаница над 35 kV.

Надлежноста на операторот МЕПСО е формирање на концептот на оваа цетрална трафостаница. Линијата на разграничување по однос на слободата на понатамошно конципирање се клемите од раставувачите на 110 kV.

Согласно претходно изнесеното истото се однесува и во однос на испораката на опремата и монтажа на истата.

Во централата ќе се користи дистрибутивна трафостаница 10(20)/0,4kV, 1600kVA.

Во кругот на централата ќе се изградат повеќе фабрички префабрикувани трафостаници 10(20)/0,8 kV, 1600 kVA.

Целокупната опрема во ДТС се димензионира според максимално дозволените вредности на трифазните симетрични струи на куса врска од најмалку 14,5 kA (500 MVA) на собирниците 20 kV.

Вентилација во трафостаницата треба да биде обезбедена со природно струење на воздухот.

На НН страна треба да има трифазни изводи со топливи ножести осигурачи со патрони од 400А, минимум 6 извода на број.

На ВН страна треба да содржи два доводно-одводни извода за приклучок на кабел, еден трафо извод за трансформатор 1600 кVA, спојна и мерна ќелија. Содржината и изборот на опремата треба да биде прифатено од страна на мрежниот оператор.

Енергетскиот трансформатор треба да ги задоволува стандардите IEC 76, IEC 354. Трансформаторот треба да е маслена изведба, со природно ладење ONAN. На високата страна треба да е преспоив од 10 kV на 20 кV. Регулација на напонот на високата страна треба да е во опсег + ili - 2 x 2,5%. Спојот на намотките ЕТ е Dyn5. Напон на куса врска на ЕТ треба да биде 6% или 4%.

Мерењето во трафостаницата не е предвидено да биде пресметковно туку контролно.Во кабловската ДТС се изведува здружено заземјување.

За поврзување на ДТС во фотоволтната централа со дистрибутивната мрежа се користи кабелска врска 20 кV.Согласно необврзувачката согласност од операторот предложено е решение со две врски со единечни бакарни кабли со пресек од 250

mm^2. Кабелот се приклучува на VN страна од ДТС. Внатрешните врски помеѓу трафостаниците ќе се изведат цо едножилни 20 kV алуминиумски кабли со пресек од 250 mm^2.

Кабелот се полага во земја на длабочина од 1.2 m. За секоја фаза се полага едножилен кабел положени еден до друг на растојание од најмалку еден диаметар на кабелот. Над кабелот на околу 30 cm, се полага механичка заштита од пластични GAL штитници и на карактеристични точки од трасата резонантни локатори. На околу 30 cm под нивото на теренот се полага предупредителна лента.

ТРАФОСТАНИЦА над 35 kV

ВАРИЈАНТИ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ФЕЦ СКАНДАЛЦИ

Во процесот на планирање на варијантите за приклучување на ФЕЦ Скандалци стручните служби на АД МЕПСО на 28 декември 2022 година спроведоа теренска посета и тоа на:

• локацијата на ФЕЦ Скандалци;

• потенцијални локации на ТС ФЕЦ Скандалци над 35 kV;

• 400/110 kV ТС Штип;

• 400 kV ДВ Штип – Дуброво.

Целта на посетата беше просторно разгледување на постоечката состојба и утврдување на можни варијанти за приклучок на ФЕЦ Скандалци. За приклучување на ФЕЦ Скандалци на електропреносна мрежа се предлагаат две варијантни решенија.

6.6 ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ ИНСТАЛАЦИИ

Македонски телекомуникации АД Скопје за своите корисници обезбедува широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациски услуги, јавни говорници.

Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Корисниците од ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај сеуште не се приклучени преку телефонската централа во Скопје.

Мобилна телефонија - Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Т-Мобиле и А1. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:

• региони, општини, населени места,

• сообраќајна и транспортна инфраструктура

- Изготвување на проекти за развој на ГСМ мрежата согласно постоечката

инфраструктура на теренот

- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата

(министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион е покриен со сигнал на трите компании за мобилна телефонија во РМ. За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе според принципот стан - телефон и за јавните функции бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, бројот на вработени, нивната функција и слични критериуми.

Во планскиот опфат нема изведена телефонска мрежа.

Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изведе во склад со развојните програми на Македонски телеком АД Скопје. Планираните телекомуникацииски инсталации се прикажани на шематско ниво. Истите по правило при реализација се водат во делови од тротоарот. За потребите на телекомуникациските системи може да се поставуваат и разводни ормани кои можат да бидат поставувани во пешачките делови на јавните коридори.

6.7. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Испуштањето на отпадни води на предметниот опфат со оглед на планираната намена да се решава со изведба на септички јами се до изведба на планираната фекална канализациона инфраструктура.

Водовите кои не се дефинирани ќе се предвидат и реализираат преку проект за инфраструктура.

ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Од анализата на постојната состојба констатирано е дека предметниот локалитет нема изведена градска водоводна мрежа.

Согласно Дописот од ЈП Исар за ова планско подрачје нема подземни инсталации од водовод и канализација и може да се планира и гради без посебни ограничувања согласно важечката планска документација.

Согласно со важечките прописи за заштита од пожар потребно е да се одреди потребна количина на вода за противпожарна заштита и тоа:

За потребната количина на вода одговара водоводен приклучок со цевка Ø150mm со следниве карактеристики : брзина на водата V = 1,5 (m/sec) и хидраулички загуби од J=0,018 m/m’.

Снабдувањето со вода на предметниот опфат со оглед на планираната намена да се решава со изведба на бунари се до изведба на планираната водоводна инфраструктура.

ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

По однос на канализација се планира изградба на сепаратен систем на канализација т.е.изградба на посебна канализациска мрежа за атмосферски води како и посебна канализациска мрежа за фекална канализација.

При проекција, одделните канализациски системи се усвоени од надморската висина на локалитетот, од положбата во однос на реципиентот и од експозицијата на теренот.

Со проекцијата на хидротехничката инфраструктура се предвидува генерално решавање на фекалната канализација, која ќе се состои од канали кои што ќе се водат по планираните сообраќајници.

Количината на отпадните води ќе се пресметува како 80% од максималната часова потрошувачка на вода, зголемена за 20% од инфилтрација на подземни води.

За овој проток на вода при минимален пад од 0,2% за канализацијата одговара цевка со профил од Ø200mm. Планирано е изведба на нови водови. Канализационата мрежа ќе се состои од канализациски цевки со Ø250mm и армирано - бетонски ревизиони шахти.

Испуштањето на отпадни води да се решава со септички јами и пречестителни станици до поврзување на реализирана канализација.

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И СЛУЖАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

7.1 Општите и Посебните услови, текстуалниот дел, графичките прилози и табелите се составен дел на Планската документација на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА Е-ИНФРАСТРУКТУРА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ, (НАД 10MW) ВО КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП, КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН и имаат правно дејство само врз градителска активност која ќе следи по стапување во сила на деталниот урбанистички план.

7.2 Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА Е-ИНФРАСТРУКТУРА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ, (НАД 10MW) ВО КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП, КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН, чии граници се опишани во Планската документација на урбанистичкиот план, а посебните услови се однесуваат на секоја градежна парцела поединечно.

7.3 Податоците кои се евидентирани на ажурираната геодетска подлога во Документационата основа на урбанистички план, се третираат како постојна состојба.

7.4 Изградбата на нови градби, како и изградбата на планирани сообраќајници и комунална инфраструктура и супраструктура ќе се изведува според важечката законска и подзаконска регулатива, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во урбанизмот и градежништвото, а во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22).

7.5 Во табеларниот приказ што е составен дел на нумеричките показатели и посебните услови за изградба, прикажани се следните податоци за градежната парцела:

7.5.1 број на градежна парцела;

7.5.2 површина на градежна парцела (m²);

7.5.3 површина за градење(m²);

7.5.4 процент на изграденост(%);

7.5.5 вкупна развиена површина по катови (m²);

7.5.6 коефициент на искористеност на земјиштето (k);

7.5.7 основна класа на намена на земјиштето и градбите;

7.5.8 компатибилни класни на намени;

7.5.9 максимален дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена (%);

7.5.10 максимален број на катови;

7.5.11 максимална дозволена висина на венец;

Сите овие услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се одредени согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20 , 219/21 и 104/22).

Со планот се одредени следните услови:

- облик и големина на градежна парцела (м²);

- градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради;

- површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м²);

- процент на изграденост (%);

- вкупна површина по катови (м²);

- коефициент на искористеност (к);

- намена на објектот;

- мах.висина на објектот од нулта кота на заштитниот тротоар-мах.висина

- на венец (м');

- мах.број на катови;

- врста на кров;

- насоки за архитектонско обликување;

- паркирање-гаражирање на возилата.__

7.6 Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење согласно член 102 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20 , 219/21 и 104/22).

7.7 Со планската документација се одредени и следните услови:

• облик и големина на градежна парцела (m²);

• површина за градба со градежни линии кои го дефинираат просторот во кој

може да се гради една или повеќе градби - комплекс од градби (m²);

• подземна градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се

гради под нивото на теренот;

• заштитни коридори на инфраструктурни водови - простор во кој не може да се

гради.

7.8 Диспозицијата на површината за градење во градежната парцела и нејзиното растојание од границите на градежната парцела зависат од типот на градење согласно член 107 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20 , 219/21 и 104/22)

7.9 Кота на нултата плоча – по терен, поради специфичноста на поставувањето на фотоволтаичните панели, истите ќе бидат поставувани на постоечки терен согласно член 57 став 2 од Закон за градење (Службен весник на Р.М. бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20 и 279/20).

7.10 Висината на венецот дадена на графичкиот прилог и во табелите е максимална, изразена е во должни метри и се определува од нивото на нивелетата на тротоарот на сообраќајницата или од пристапната патека до завршниот венец на објектот.

Доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува од висинската кота на теренот во средината на страната на градбата долж падот на теренот.

7.11 Слеме е највисоката точка на кровната конструкција или највисоката хоризонтална линија на пресекот на накривените рамнини што го формираат покривот. Во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот не е дозволен потпокривен простор.Височината на слеме се одредува и мери од котата на горниот венец на градбата, акога височината се одредува само со височината наслеме, таа се мери од котата на тротоарот или од пристапната или заштитната патека до градбата.

7.12 Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост согласно член 114 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20 , 219/21 и 104/22)

7.13 Коефициентот на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажва интезитетот на изграденост на градежното земјиште согласно член 115 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20 , 219/21 и 104/22)

7.14 При спроведување на планот да се почитува Законот за урбано зеленило (Сл.весник на РМ 11/18 и 42/20), односно процентот на озеленетост во рамки на градежната парцела да изнесува минимум 20% од градежната парцела, под која не се планира градба.

7.15 Стационарниот сообраќај – паркирање и/или гаражирање на потребен број моторни возила е планирано во рамките на градежната парцела и постојните паркинг простори. Зависно од изборот на компатибилните намени во определувањето на потребниот број на паркинг места задолжително да се вклучат и нормативите за избраната компатибилна намена.

Потребниот број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, се пресметува согласно член 58 и 59 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20 , 219/21 и 104/22).

- Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење. Дел од објектите кои се постојни користат и јавен паркинг.

- Границата на површината за градење под нивото на теренот (која го вклучува и подземното паркирање) може да се поклопува со границата на градежната парцела.

7.16 Широчината, надолжните наклони и радиусите на хоризонталните кривини на рампите за планираните подземни паркинзи да се утврдат во согласност со нормативите од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20 , 219/21 и 104/22).

7.17 Со планската документација се одредени и следните услови:

• облик и големина на градежна парцела (m²);

• површина за градба со градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради една или повеќе градби - комплекс од градби (m²);

• подземна градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради под нивото на теренот;

• заштитни коридори на инфраструктурни водови - простор во кој не може да се гради.

7.18. Во градежните парцели во кои се утврдени апроксимативни површини за градење може да се градат една или повеќе градби. Градежната парцела во која ќе се градат повеќе градби (комплекс од градби) да се разработи со Урбанистички проект според претходно дефинирана проектна програма.

7.19. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките и другите микролокациски услови, треба да се води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.Објектите кои се планирани да се градат на предметниот простор, треба да бидат изведени согласно стандардите и нормативите за проектирање и не смеат да ја нарушат природната рамнотежа на средината.

7.20 При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на лица со инвалидитет, особено во делот на достапноста до јавните објекти.

7.21 Површините за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките планови: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, плоштади и плоштатки мора да се со континуирана нивелета без скалести денивелации секаде каде што карактеристиките на теренот го дозволуваат тоа.

7.22 Секундарната улична мрежа ќе се уреди со посебни проекти за сообраќаен режим каде за тоа постојат технички услови.

7.23 Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат.Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

7.24 Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

7.25 Опремувањето на локалитетот со елементи од урбана опрема треба да се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон, а во согласност со Законот за градење (Службен весник на Република Македонија, број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 19 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 29/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18), Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Штип (Службен гласник на Град Скопје, број 03/10, 18/11, 11/14, 16/15 и 5/18) и Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Град Скопје (Службен гласник на Град Скопје, број 15/18 и1/19).

7.26 При изработката на Основните проекти за сите градби, неопходно е да се обезбеди простор за шахти за приклучоци кон комунална инфраструктура (канализација, водовод), кои ќе бидат лоцирани непосредно до регулациона линија. Потребно е да се овозможи непречен пристап до овие шахти за техничките служби на претпријатијата кои стопанисуваат со комуналната инфраструктура.

126	ДПТУ АЛБ	СКОПЈЕ-ЦЕНТАР	ЈОРДАН МИЈАЛКОВ	40Е-1	30018	7	83	5	зз		6		996.71	4110210.09				
													21242.4					
127	ДПТУ АЛБ	СКОПЈЕ-ЦЕНТАР	ЈОРДАН МИЈАЛКОВ	40Е-1	30018	6	83	6	ш	ш	7		9099.07	4110210.09				
													0					
128	ДПТУ АЛБ	СКОПЈЕ-ЦЕНТАР	ЈОРДАН МИЈАЛКОВ	40Е-1	30018	6	83	7	ш	ш	7		310.29	4110210.09				
													21140.52					
129	ДПТУ АЛБ	СКОПЈЕ-ЦЕНТАР	ЈОРДАН МИЈАЛКОВ	40Е-1	30018	5	83	8		ШУМА	7		8025.16	4110210.09				
													1804.86					
130	ДПТУ АЛБ	СКОПЈЕ	ЈОРДАН МИЈАЛКОВ	40А/1	30018	2	85	1	зз	пс	3		0	4110210.09				
													51841.5					
131	ДПТУ АЛБ	СКОПЈЕ-ЦЕНТАР	ЈОРДАН МИЈАЛКОВ	40Е-1	30018	3	85	2		ПАСИШТЕ	4		840.27	4110210.09				
													0					
132	ДПТУ АЛБ	СКОПЈЕ	ЈОРДАН МИЈАЛКОВ	40А/1	30018	2	86	1		ШУМА	4		0	4110210.09				
													84741.25					
133	ДПТУ АЛБ	СКОПЈЕ-ЦЕНТАР	ЈОРДАН МИЈАЛКОВ	40Е-1	30018	3	86	2	зз	ш	4		7853.9	4110210.09				
													0					
134	ДПТУ АЛБ	СКОПЈЕ	ЈОРДАН МИЈАЛКОВ	40А/1	30018	2	87	0	пнз	д	0		0	4110210.09				
													8893.24					
													Меѓузбир:	4110210				
										ВКУПНО			4110210					

4.3. Техничко – технолошки опис на дејноста или активноста

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1

Основна класа на намена:

Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Поединечна намена: Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани

Компатибилна класа на намена: Е1.1-сообраќајни, линиски и други инфраструктури Е1.8 – водови за пренос на електрична енергија трансформаторски станици, Е1.5 – бунари, Е1.6 – пречистителна станица

Вид и начин на употреба на планската единица: Во рамките на парцелата може да се планираат еден или повеќе објекти според потребите, технологијата и организацијата на работа.

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење се спроведува директно со проектна документација и издавање на акт за градење, согласно чл.50 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22).

Се предвидува поставување на сопствени трансформаторски станици во согласност на потребите на корисниците како дел од компатибилни класи на намени.

Намена на земјиштето и градбите:Е 1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани.

Површина на градежна парцела: 4110213.78м^2

Површина за градење: 4036309.16 м^2

Бруто развиена површина: 4036309.16 м^2

Процент на изграденост: 80%

Дозволена висина на градење: 9.0м

Максимален број на спратови: П

Коефициент на искористеност: 0,8

Процент на озеленетост: 20%

Сообраќајни и улични мрежи: Пристап до парцела од новопланирана Индустриска улица 1, која има врска со регионален пат Р1204

Елементи на внатрешниот сообраќај: Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20 , 219/21 и 104/22)

Планирани се 10 паркинг места во рамките на градежната парцела.

Покрај паркингот за коли, да се обезбеди задолжително и паркинг за велосипеди.

Водови и објекти на инфраструктурите: приклучок за планираните објекти има од улица новопланирана Индустриска улица 1.

Кота на нултата плоча – по терен, поради специфичноста на поставувањето на фотоволтаичните панели, истите ќе бидат поставувани на постоечки терен согласно член 57 став 2 од Закон за градење (Службен весник на Р.М. бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20 и 279/20) се категоризираат како градби од втора категорија.

Површината за градба се простира по целата градежна парцела и е дадена како апроксимативна површина за градење . Распоредот на фотоволтаичните панели ќе се одредува со изработка на основен проект.

Доколку при реализација на УП се увидени можни археолошки заштитени добра, односот према нив треба да е согласно чл. 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник бр.20/04 и 115/07).

Приклучување на новоизградената фотонапонска централа ќе се одвива од ТС чија местоположба ќе се дефинира со изработката на основен проект. Приклучната точка на трафостаницата ќе ја одреди ЕВН во постапка на изработка на Основен Проект Подигање на урбаната зелена инфраструктура: Процентот на озеленетост во рамки на градежната парцела, согласно Законот за урбано зеленило (Сл.весник на РМ 11/18 и 42/20), потребно е да изнесува минимум 20% од градежната парцела под која

не се планира градба. Согласно член 20, став 2 од Законот за урбано зеленило (Сл.весник на РМ 11/18 и 42/20), за изградени градежни парцели каде не постојат просторни можности за обезбедување на процентот за зелена површина дозволена е компензација со поставување на дрвореди и зеленило во жардињери, на кровни тераси и фасади. Во градежната парцела поради специфичноста на поставување на фотоволтаичните панели, делот кој се наоѓа под фотоволтаиците ќе претставува ниско зеленило.

Доколку не може да се обезбеди согласно Законот за урбано зеленило (Сл.весник на РМ 11/18 и 42/20) процентот на озеленетост во рамки на градежната парцела да изнесува минимум 20% од градежната парцела, за градежните парцели кои се изградени да се дефинира согласно Закон за урбано заленило (Сл.весник на РМ бр.11/18 и 42/20).

Фази при реализација на проектот

Основните фази при реализација на проект на фотоволтна централа се:

A) Обезбедување Овластување за изградба на капацитет (за >10MWp)

B) Пренамена на просторот

C) Решено право на градба (имотно правни односи, договори за приватно-јавно партнерство и т.н.)

D) Одобрение за градба

E) Електро енергетска согласност и документација за приклучок

F) Изградба

G) Одобрение за употреба, лиценцирање

H) Производство и тргување со електрична енергија

Анализи

Површината на панелите ќе изнесува 285847x(2.384x1.303)=887941 m^2.

Теренот во рамките на локацијата е со нагиб во голем обем према јужната страна кое овозможува поголема концентрација односно поголема изградена моќ во панели во однос на парцела со иста површина на равен терен.

На просторот од Зона 1 (парцела 1) поминуваат повеќе полски патишта со различен квалитет. Овие патишта ќе може да се користат за транспорт на опремата. Зависно од тоа на која делница што ќе се транспортира неопходни се интервенции врз постоечките патишта а некаде и измена на трасата. Инсталираната моќ на централата

е таква да ќе мора на електро енергетската мрежа да се приклучи преку напонски ниво 400 kV.

Локацијата е во непосредна близина на градот Штип така да трошоците за превоз на лицата вклучени во редовното одржување ќе бидат незначителни.

Регионот спаѓа меѓу оние со високо ниво на инсолација во Македонија.

Оптимизација на техничкото решение
Избор на панелите

Трошоците за панелите во вкупните трошоци за фотоволтната централа како и врз работата на централата имат значително учество. Поради тоа при изборот на панелите треба да се обрне посебно внимание.

Фотоќелиите PERC имат повисок коефициент на полезно дејство благодарение на еден рефлективен слој на задната страна на ќелијата која ја рефлектира светлината назад кон ќелијата. Степенот на корисно дејство на овие ќелии изнесува 21% до 22% и повеќе.

Фотоќелиите BIFACIAL имат повисок коефициент на полезно дејство но треба да се има предвид дека 10% до 20% кај бифокалните го добиват со трансформација на рефлектираната дифузна светлина од околината од задната страна на ќелијата. Во пракса треба да се обезбедат услови за да се искористат овие способности на ќелиите. Преведено тоа значи дека за цената која ја плаќате за номинална снага имате повисоко производство т.е. повисок приход. При евалуација на решението треба да се зема предвид и овој момент.

HJT (Heterojunction Technology) имат висок степен на корисно дејство но на пазарот засега ретко се наоѓат. Цената им е повисока.

Панелите стакло-стакло треба да се избегнуваат бидејки се почувствителни и потешки од другиот тип на панели.

HCC (Half-Cut Cells) панели може да бидат корисни во зимскиот период кога сонцето е ниско. Со засенување на долниот дел панелот продолжува да генерира енергија со другата половина.

На пазарот најчесто се нудат панели со Polycrystalline I Monocrystalyne ќелии.


Со оглед на тоа дека се плаќа генерираната снага изборот треба да се определи врз основа на комплексна анализа и на рефлексијата врз другите фактори во реални услови.

Изборот на панелот има големо влијание врз трошоците на системот. Ќе ја анализираме промената на трошците во зависност од степенот на корисно дејство на ќелиите.

Во пресметките се земени следните претпоставки:

Цена на енергијата	EUR/MWh	60	60	60	60
Специфично производство	kWh/Y	1400	1400	1400	1400
Цена на панели	EUR/kWp	200.00	216.67	233.33	250
Цена на конструкција	EУР/панел	26.00	26.00	26.00	26.00
Цена за транспорт	EУР/панел	9.74	9.74	9.74	9.74
Темели	EУР/панел	0.87	0.87	0.87	0.87
Монтажа	EУР/панел	4.00	4.00	4.00	4.00

СПД (%)	15	17.5	20	22.5
A(m2)	2	2	2	2
kWpstc	0.300	0.350	0.400	0.450
Трошок за панел	60.00	70.00	80.00	90.00
Трошок за конструкција	86.67	74.29	65.00	□7□78
Трошок за транспорт	9.74	9.74	9.74	9.74
Темелење	0.87	0.87	0.87	0.8
Монтажа	4.00	4.00	4.00	4.00
Вкупно (EUR/панел)	161.27	158.89	159.61	162.38
Вкупно EUR/kWp	537.58	453.98	399.02	360.85




Пресметките покажуват дека дури и при значително поголеми цени за панелите со повисок степен на корисно дејство фаворити се панелите со повисок СПД (Степен на Полезно Дејство).

СПД (%)	15	17.5	20	22.5
Цена на панел (EУР/панел)	200.00	216.67	233.33	250.00
EUR/kWp	**537.58**	**470.64**	**432.35**	**410.85**
Цена на панел (EУР/панел)	200.00	200.00	200.00	200.00
EUR/kWp	**537.58**	**453.98**	**399.02**	**360.85**

Со стапката на полезно дејство на фотоќелиите трошоците во системот значително се намалуваат. Затоа избираме панел со највисока стапка на полезно дејство.


TITAN
132
HIGH PERFORMANCE
BIFACIAL PERC MONOCRYSTALLINE MODULE
RSM132-8-640BMDG-665BMDG
132 CELL
Mono PERC Module
640-665Wp
Power Output Range
1500VDC
Maximum System Voltage
21.4%
Maximum Efficiency
G5.6
KEY SALIENT FEATURES
Global, Tier 1 bankable brand, with independently certified state-of-the-art automated manufacturing
Bifacial technology enables additional energy harvesting from rear side (up to 30%)
Industry leading lowest thermal co-efficient of power
Industry leading 12 years product warranty
Excellent low irradiance performance
Excellent PID resistance
Positive power tolerance of 0~+3%
Dual stage 100% EL Inspection warranting defect-free product
Module Imp binning radically reduces string mismatch losses
Excellent wind load 2400Pa & snow load 5400Pa under certain installation method
Comprehensive product and system certification
IEC61215:2016; IEC61730-1/-2:2016;
ISO 9001:2015 Quality Management System
ISO 14001:2015 Environmental Management System
ISO 45001:2018 Occupational Health and Safety Management System
LINEAR PERFORMANCE WARRANTY
12 year Product Warranty / 30 year Linear Power Warranty
0.45% Annual Degradation over 30 years
Risen's DG Standard
Common module's Linear
Industry Standard
Additional value from Risen's Linear Warranty
Guaranteed Power
Years
THE POWER OF RISING VALUE
RISEN ENERGY CO., LTD.
Risen Energy is a leading, global tier 1 manufacturer of high-performance solar photovoltaic products and provider of total business solutions for residential, commercial and utility-scale power generation. The company, founded in 1986, and publicly listed in 2010, compels value generation for its chosen global customers. Techno-commercial innovation, underpinned by consummate quality and support, encircle Risen Energy's total Solar PV business solutions which are among the most powerful and cost-effective in the industry. With local market presence and strong financial bankability status, we are committed, and able, to building strategic, mutually beneficial collaborations with our partners, as together we capitalise on the rising value of green energy.
Tashan Industry Zone, Meilin, Ninghai 315609,Ningbo | PRC
Tel: +86-574-59953239 Fax: +86-574-59953599
E-mail: marketing@risenenergy.com Website: www.risenenergy.com
risen

Dimensions of PV Module Unit: mm



ELECTRICAL DATA (STC)

Model Number	RSM132-8-640BMDG	RSM132-8-645BMDG	RSM132-8-650BMDG	RSM132-8-655BMDG	RSM132-8-660BMDG	RSM132-8-665BMDG
Rated Power in Watts-Pmax(Wp)	**640**	**645**	**650**	**655**	**660**	**665**
Open Circuit Voltage-Voc(V)	45.09	45.29	45.49	45.69	45.89	46.09
Short Circuit Current-Isc(A)	18.08	18.13	18.18	18.23	18.28	18.33
Maximum Power Voltage-Vmpp(V)	37.51	37.69	37.87	38.05	38.23	38.41
Maximum Power Current-Impp(A)	17.07	17.12	17.17	17.22	17.27	17.32
Module Efficiency (%) ★	20.6	20.8	20.9	21.1	21.2	21.4

STC: Irradiance 1000 W/m², Cell Temperature 25°C, Air Mass AM1.5 according to EN 60904-3.
Bifacial factor: 70%±5 ★Module Efficiency (%): Round-off to the nearest number

Electrical characteristics with 10% rear side power gain

Total Equivalent power-Pmax (Wp)	704	710	715	721	726	732
Open Circuit Voltage-Voc(V)	45.09	45.29	45.49	45.69	45.89	46.09
Short Circuit Current-Isc(A)	19.89	19.94	20.00	20.05	20.11	20.16
Maximum Power Voltage-Vmpp(V)	37.51	37.69	37.87	38.05	38.23	38.41
Maximum Power Current-Impp(A)	18.78	18.83	18.89	18.94	19.00	19.05


Rear side power gain: The additional gain from the rear side compared to the power of the front side at the standard test condition. It depends on mounting (structure, height, tilt angle etc.) and albedo of the ground.

ELECTRICAL DATA (NMOT)


Model Number	RSM132-8-640BMDG	RSM132-8-645BMDG	RSM132-8-650BMDG	RSM132-8-655BMDG	RSM132-8-660BMDG	RSM132-8-665BMDG
Maximum Power-Pmax (Wp)	484.9	488.6	492.4	496.2	500.0	503.8
Open Circuit Voltage-Voc (V)	41. 93	42.12	42.31	42.49	42.68	42.86
Short Circuit Current-Isc (A)	14.83	14.87	14.91	14.95	14.99	15.03
Maximum Power Voltage-Vmpp (V)	34.81	34.98	35.14	35.31	35.48	35.64
Maximum Power Current-Impp (A)	13.93	13.97	14.01	14.05	14.09	14.13

NMOT: Irradiance at 800 W/m², Ambient Temperature 20°C, Wind Speed 1 m/s.

RSM132-8-660BMDG
I-V characteristics at different irradiations



I-V characteristics at different temperatures
(AM1.5, 1000W/m²)



Our Partners:

MECHANICAL DATA

Solar cells	Monocrystalline
Cell configuration	132 cells (6×11+6×11)
Module dimensions	2384×1303×35mm
Weight	41kg
Superstrate	High Transmission, Low Iron, Tempered ARC Glass
Substrate	Tempered Glass
Frame	High strength alloy steel
J-Box	Potted, IP68, 1500VDC, 3 Schottky bypass diodes
Cables	4.0mm² (12AWG), Positive(+)350mm, Negative(-)230mm (Connector Included)
Connector	Risen Twinsel PV-SY02, IP68

TEMPERATURE & MAXIMUM RATINGS

Nominal Module Operating Temperature (NMOT)	44°C±2°C
Temperature Coefficient of Voc	-0.25%/°C
Temperature Coefficient of Isc	0.04%/°C
Temperature Coefficient of Pmax	-0.34%/°C
Operational Temperature	-40°C~+85°C
Maximum System Voltage	1500VDC
Max Series Fuse Rating	35A
Limiting Reverse Current	35A

PACKAGING CONFIGURATION

	40ft(HQ)
Number of modules per container	558
Number of modules per pallet	31
Number of pallets per container	18
Box gross weight[kg]	1315

CAUTION: READ SAFETY AND INSTALLATION INSTRUCTIONS BEFORE USING THE PRODUCT.
©2022 Risen Energy. All rights reserved. Contents included in this datasheet are subject to change without notice.
No special undertaking or warranty for the suitability of special purpose or being installed in extraordinary surroundings is granted unless as otherwise specifically committed by manufacturer in contract document.

THE POWER OF RISING VALUE

RSM132-8MDG-128S-EN-M1-A-2022

Избор на инверторите

Инвертори кои можат да бидат вградени во фотоволтна централа која е наменета за приклучување на електро енергетската мрежа треба да бидат од таканаречените “on-grid” тип на инвертори.

Основните типови на инвертори кои се аплицират во пракса се инверторите со и без тренсформатор. Инверторите со трансформатор се по робустни, обично за поголеми снаги, со нешто помал степен на полезно дејство но затоа се отпорни на куси врски со маса на DC страната а исто така и на PID „истекувањата“.

Инверторите без трансформатор се со помал габарит и најчесто се инсталират на отворено. За разлика од инверторите со трансформатор за кои е потребно нивно концентрирање во посебен објект, инверторите без трансформатор можат да се инсталират во фотоволтното поле. Овој факт овозможува примена на поголем број инвертори со помала моќ со што се зголемува расположивоста на централата а со тоа и намалување на загубите на енергија во електричните врски.

Снагата на инверторите ја определуваме со хармонизација на комплексното решение. Од спроведените анализи произлегува дека најповолното решение е со инвертори:

Тип on-grid

Трифазен

Мрежен напон 800/4600V, 50Hz

Механичка заштита >=IP65

Максимално подносив DC напон >=1000 V


Номинална снага 250kW

Анализа на сенката

Теренот е со различна ориентација на нагибот. Во тој смисол парцелата е поделена на повеке секции според доминантниот нагиб и ориентација.

Осовинското растојание на редовите зависи од должината на сенката на панелите. Прикажани се податоците за конкретната локација со примена на панели (1x1)m и за локалните теренски карактеристики:

месец	II	V	IX	XII
ден	81.3	176.2	263.8	358.7
час	Xa(n)	Xa(n)	Xa(n)	Xa(n)
-1,34	1.16	0.75	1.16	1.78
0(12 h)	1.22	0.94	1.22	1.77
1	1.16	0.75	1.16	1.78
2	1.02	0.48	1.02	1.79
3	0.□5	0.□4	0.85	1.93
4	0.68	0.0	0.67	2.69
5	0.49	0.28	0.49	
Xmax	1.22	0.94	1.22	**2.□9**



Xmax – осовинско растојание помеѓу редовите (единечни)

h – час во денот

Од диаграмот може да се заклучи дека засенувањето во зимскиот период е најголемо. Се прифаќа критериумот засенувањето да се третира при инклинација на сонцето од 20о односно растојание помеѓу редовите од околу 2 m/m.

Избор на конструкцијата

На пазарот постои голема понуда на конструкција за фиксирање на панелите.

Најчест распоред на панелите е во редови. Според тоа колку панели се редат на еден ред конструкција разликуваме еднoредни, дворедни и т.н. Со зголемување на бројот на редови висината се зголемува и притисокот на ветерот врз конструкцијата се зголемува кое што резултира со потреба од поробусна конструкција и темелење. Ќе се избере решението кое има одраз врз најниската специфична цена по kWp.

Темелењето зависи најповеќе од геологијата. Може да се изведе со:

набивање на металните профили во земја (1,5 до 2,5 m длабочина) ,

темелење во земјата (до длабочина од околу 80cm,

површинско темелење (баласт над земјата)

комбинирано

Конструкциите во еден ред и најмногу два реда можат да бидат со изведба која овозможува сезонско нагодување на инклинацијата (нагибот) на панелите со што производството за нашиот случај може да се зголеми помеѓу 4% и 8% (С.Генчев,

ЗЕМАК 2020 - ефекти од примената на систем за следење на сонцето во една оска кај фотоволтните системи).

Врз основа на геолошко инженерските состојби на теренот усвоено е комбинирано решение за темелење. Металните профили ќе се темелат со набивање во земја до 60 сантиметри а над земјата изведе бетонски баласт. На тој начин можна е примена и на алуминиумска конструкција.

На пазарот ќе ја избереме конструкцијата која поднесува брзина на ветер од најмалку 40m/s. Цените се движат од околу 26 EUR/панел па нагоре.


Конструкцијата се избира да биде едноредна до најмногу дворедна.

Препорака е набавка на алуминиумска конструкција поради тоа што е најотпорна на корозија.

Спроведена е споредбена анализа (cost-effectiveness) за конкретната локација помеѓу систем со фиксна конструкција и систем со следење на сонцето во една оска.

Како поповолно решение кои се однесуваат на конструкции за следење на соцето во една оска анализиран е системот со наклонета осовина за следење на сонцето. Овој систем побарува помала површина но може да се анализира и ефектот кој се добива со промена на аголот на наклонот на осовината.

Резултати се прикажани во приложениот диаграм:




Од диаграмот може да се забележи дека врз профитабилноста на решението со следење на сонцето во една осовина нагибот на осовината има влијание. Незначителна предност системот со следење на сонцето има за нагиб на осовината до 20о.

Ако се земе предвид дека тракинг системот во една оска има поголеми трошоци за одржување заклучокот е дека во секој случај системо со фиксно инсталирани панели е поприфатливо за имплементација. Овој заклучок коинцидира со позициите на банките при одлуката за финансиска подршка на ваквите проекти.

Растојание помеѓу осовините на редовите

Теренот е брдест и површините се со различни наклонетости. Од тие причини усвоен е концепт со кој за површни со определен диапазон на инклинација на теренот се усвојува константно растојание помеѓу редовите а со промена на нагибот на панелите помеѓу 20° до оптималниот 34° ќе се избегнува засенувањето помеѓу редовите.

Дефинирани се 5 модели на решенија:



Опис на усвоеното решение

На локацијата ќе се формираа 1 парцела.

Градежната линија ќе се формира на 1 метар од границите на парцелата.

Во рамките на оваа парцела определени се простори со површини погодни за инсталирање на панели.

Во овие простори ќе се одвои простор наменет за сместување на СН дистрибутивни трафостаници.

Во парцелата ќе се формират редови на конструкција за панелите со осовина приближна исток-запад. Конструкцијата е фиксна со евентуална можност за сезонско нагодување на наклонот на панелите во два агла. Панелите ќе се монтират на конструкцијата во еден ред.

Низите се формират со приклучување на каблите кои се испорачуват како составен дел од панелите. Низите со двата краја со соларен кабел се приклучуват во собирните кутии инсталирани во близина на инверторите. Од четири DC собирни кутии се формират врски до инверторот. Секој инвертор од АС страната се приклучува директно на НН развод од дистрибутивната СН трафостаница.

Инверторите ќе се инсталират во фотоволтното поле, зад панелите на држачи на кои ќе се инсталират и собирните кутии а конструкцијата ќе треба да овозможува сенка за опремата.

Централата ќе има 132 дистрибутивни трафостаници.

Електричните кабли во парцелата ќе се полагат делумно во надземно инсталирани кабел канали и делумно во земја.

Композиција

Напон на отворено коло на панел изнесува 46,09 V. Подносив напон на панелите и инверторите е 1500 Vdc.

Инверторот има усогласен подносив напон од 1500 V.

Напонот на низите не смее да биде повисок од 1500 V.

Во тој смисол усвоен е број панели во низа да изнесува 32.

Максимален напон на низа 38.41x32=1229.12Vdc.

Инсталирана снага на низа 21.28 Wp.

Број на низи по инвертор 12 со вкупно инсталирана снага од 255.36kWp.

Шест инвертори приклучени во една трафостаница.

Број на инвертори 790, со номинална снага 250 kW и (6) MPPT влеза.

Вкупно трафостаници 132.

Инсталирана снага

При распоредување на опремата во локацијата е користена геодетска снимка на теренот. При тоа земена е предвид намерата на инвеститорот за делумно изравнување на теренот за да се добие равномерен нагиб на целокупниот терен погоден за инсталирање на панели.

Теренот е брдест и површините се со различни наклони. Од тие причини усвоен е концепт со кој за површни со определен диапазон на инклинација на теренот се усвојува константно растојание помеѓу редовите а со промена на нагибот на панелите помеѓу 20° до оптималниот 34° ќе се избегнува засенувањето помеѓу редовите.

Основната конструкција на панелите е со димензии 2.384x1.303 m. Избрана е снага на панелот од 665Wp.

Оската на редовите на панелите е расположена воглавном во правец исток-запад.

Средното одстојание помеѓу редовите е пресметано врз основа на оптималниот нагиб на панелите и агол на засенување од 20°.

СЕГМЕНТ	**MERA**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**	**6**	**7**	**8**	**9**	**10**	**11**
ПОВРШИНА НА ЗОНА 1												
ПОВРШИНА	m^2	43556	578725	380022	109231	7349	7349	14847	137805	118230	17249	9686
ИНКЛИНАЦИЈА НА ТЕРЕНОТ	°	0-5	0-5	0-5	20-34	20-34	20-34	20-34	0-5	5-11	5-11	0-5
ПОПОЛНЕТОСТ	%	86.1%	0.9	0.9	0.9	0.9	0.9	0.9	0.9	0.9	0.9	0.9
ДОМИНАНТЕН МОДЕЛ		Б	Б	Б	Е	Е	Е	Е	Б	Ц	Ц	Б
РАСТОЈАНИЕ МЕЃУ РЕДОВИ	m	4.9	4.9	4.9	5.5	5.5	5.5	5.5	4.9	4	4	4.9
ДИМЕНЗИИ НА ПАНЕЛИ	mm						2.384x1.303x35 mm					
СПЕЦИФИЧНА ПОВРШИНА	m2/kW	9.1	9.6	9.6	5.1	5.1	5.1	5.1	9.6	7.8	7.8	9.6
МОЖНА ИНСТАЛАЦИЈА	број	5874	76959	50536	27435	1845	1845	3728	18324	19259	2808	1286
СНАГА НА ПАНЕЛ	Wp	704.9	704.9	704.9	704.9	704.9	704.9	704.9	704.9	704.9	704.9	704.9
СНАГА ВО СЕГМЕНТ	**kWp**	**4141**	**54249**	**35623**	**19339**	**1301**	**1301**	**2628**	**12917**	**13576**	**1980**	**907**

СЕГМЕНТ	**MERA**	**12**	**13**	**14**	15	ВКУПНО
ПОВРШИНА НА ЗОНА 1						3094515
ПОВРШИНА	m^2	16719	8256	24021	213458	1686503
ИНКЛИНАЦИЈА НА ТЕРЕНОТ	°	20-34	20-34	20-34	20-34	
ПОПОЛНЕТОСТ	%	0.9	0.9	0.9	0.9	0.9
ДОМИНАНТЕН МОДЕЛ		Е	Е	Е	Е	
РАСТОЈАНИЕ МЕЃУ РЕДОВИ	m	5.5	5.5	5.5	5.5	
ДИМЕНЗИИ НА ПАНЕЛИ	mm					
СПЕЦИФИЧНА ПОВРШИНА	m2/kW	5.1	5.1	5.1	4.898496	7.694603
МОЖНА ИНСТАЛАЦИЈА	број	4199	2072	6032	53613	285847
СНАГА НА ПАНЕЛ	Wp	704.9	704.9	704.9	731.5	731.5
СНАГА ВО СЕГМЕНТ	**kWp**	**2960**	**1461**	**4252**	39218	197262

Расположива градежна површина во деловите погодни за инсталирање на панели е околу 57,2% од вкупната површина на парцелата. Просечната специфична површина од 8,6 m^2/kWp. Ваквата поволна густина се должи на терените кои имат поволни падини према југ, југоисток и југозапад.

Со хармонизација на решението по однос на низите (стринговите), панелите и инверторите, можна е инсталирана снага од 197.262 kWp.

Централната трафостаница 400/110/20 kV наменета е за зоните во локацијата и за неа е определена посебна локација во средината од товарите.

За градежната површина податоците се добиени од имотните листови и геодетскиот елеборат за посебни намени.

Инсталираната моќ по однос на конкретно инсталираните панели на локацијата изнесува 197,3 MWp.


Производство на електрична енергија

Прогноза на билансот на загуби на системот:


description	%
System global irradiation 33	
Global radiation	
Deviation from standard spectrum	1.00%
Reflection on the Module Interface	2.00%
Rated energy	
STC Conversion (Rated Efficiency of Module 22,5 %)	77.5%
Low-light performance	0.97%
Deviation from the nominal module temperature	3.70%
Diodes	0.50%
Mismatch (Manufacturer Information)	1.00%
String Cable	0.20%
DC energy	
Regulation on account of the MPP Voltage Range	0.01%
Regulation on account of the max. DC Power	0.04%
MPP Matching	0.01%
Energy at the Inverter Input	
Input voltage deviates from rated voltage	0.33%
DC/AC Conversion	1.25%
Stand-by Consumption	0.02%
AC Cable	0.92%
	11,89
Transformer	
Magnetic losses	0.18%
Losses copper	1.35%
Total losses	**13.42%**

Во сметките не е земена предвид ефикасноста на панелите бидејки тие имат одраз врз специфичната површинска моќ на панелот. Сите податоци за потенцијалот на системот за даден систем и конкретна локација добиени се од европскиот институт ERC (листите се во прилог).

За спроведување на понатамошните пресметки и споредби погодно е да се изрази специфичното производство т.е. (kWh/kWp), зависно од наклонот на панелите:



ИНКЛИНАЦИЈА (º)	3.45	10	20	3	40	optimum 34
kWh/kWp	1314.4	1374.6	1439.9	1471.5	1471.8	1412.94



Можното производство е изведено за 1kWp инсталација врз основа на базата на податоци PVGIS-CMSAF на Институтот при Европската Комисија:

Em: Средно месечно производство за избраниот систем [kWh].

Hm: Средно месечна вкупна глобална ирадиација на m2 примен од страна на панелот за даденият систем [kWh/m²].

SDm: Стандардна девијација за месечното производство на електрична енергија вариации од година во година [kWh].

месец	Em
Јануари	66.3
Февруари	87
Март	118.1
Април	137.8
Мај	151.1
Јуни	158.2
Јули	170.8
Август	163.8
Септември	132
Октомври	110.8
Ноември	77.4
Деќември	62
ВКУПНО	1435.3
Годишна вариација	44.65

месец	Фиксен систем: нагиб=33º
	Em(kWh)
Jan	13078471
Feb	17161794
Mar	23296642
Apr	27182704
May	29806288
Jun	31206848
Jul	33692350
Au	32311516
Sep	26038584
Oct	21856630
Nov	15268079
Dec	12230244
Вкупно год.	283130149
Годишна вариација	8807748

Изразено за полн капацитет од 197,3 MWp:

Поради стареење на панелите годишното производство ќе опаѓа. Производителите гарантират дека производството по 10 години нема да падне под 90% а по 25 години нема да падне под 80%.

Од наведените причини во пресметките предвидуваме просечно годишно намалување на производството од 0,8%.


Приклучок на мрежа


Можностите на локацијата се инверторите да бидат приклучени на средонапонските дистрибутивни трафостаници распоредени во локацијата. Овие трафостаници преку средниот напон кабелски ќе се приклучат во постројката од централната трафостаница 400/110/20 kV.

Надлежноста на операторот МЕПСО е формирање на концептот на оваа цетрална трафостаница. Линијата на разграничување по однос на слободата на понатамошно конципирање се клемите од раставувачите на 110 kV.

Согласно претходно изнесеното истото се однесува и во однос на испораката на опремата и монтажа на истата.

Во централата ќе се користи дистрибутивна трафостаница 10(20)/0,4 kV, 1600 kVA.





Трафостаница 20/0,8 kV

Во кругот на централата ќе се изградат 130 фабрички префабрикувани трафостаници 10(20)/0,8 kV, 1600 kVA.

Целокупната опрема во ДТС се димензионира според максимално дозволените вредности на трифазните симетрични струи на куса врска од најмалку 14,5 kA (500 MVA) на собирниците 20 kV.

Степен на изолација на опремата во ДТС:

Номинален напон (kV)	Највисок напон на опремата (kV)	Степен на изолација
20	24	LI 125 AC 50
10	12	LI 75 AC 28
0,8	1,1	AC 3
LI – Назначениот подносив ударен напон (kV) AC – Назначениот подносив наизменичен напон 50		

Вентилација во трафостаницата треба да биде обезбедена со природно струење на воздухот.

На НН страна треба да има трифазни изводи со топливи ножести осигурачи со патрони од 400А, минимум 6 извода на број.

На ВН страна треба да содржи два доводно-одводни извода за приклучок на кабел, еден трафо извод за трансформатор 1600 кVA, спојна и мерна ќелија. Содржината и изборот на опремата треба да биде прифатено од страна на мрежниот оператор.

Енергетскиот трансформатор треба да ги задоволува стандардите IEC 76, IEC 354. Трансформаторот треба да е маслена изведба, со природно ладење ONAN. На високата страна треба да е преспоив од 10 kV на 20 кV. Регулација на напонот на високата страна треба да е во опсег + ili - 2 x 2,5%. Спојот на намотките ЕТ е Dyn5. Напон на куса врска на ЕТ треба да биде 6% или 4%.

Мерењето во трафостаницата не е предвидено да биде пресметsковно туку контролно.

Во кабловската ДТС се изведува здружено заземјување.

Во фотоволтната централа ќе се инсталират 130 трафостаници.

Кабел 20 kV

За поврзување на ДТС во фотоволтната централа со дистрибутивната мрежа се користи кабелска врска 20 кV.

Согласно необврзувачката согласност од операторот предложено е решение со две врски со единечни бакарни кабли со пресек од 250 mm2.

Кабелот се приклучува на VN страна од ДТС.

Внатрешните врски помеѓу трафостаниците ќе се изведат цо едножилни 20 kV алуминиумски кабли со пресек од 250 mm2.

Кабелот се полага во земја на длабочина од 1.2 m. За секоја фаза се полага едножилен кабел положени еден до друг на растојание од најмалку еден диаметар на кабелот. Над кабелот на околу 30 cm, се полага механичка заштита од пластични GAL штитници и на карактеристични точки од трасата резонантни локатори. На околу 30 cm под нивото на теренот се полага предупредителна лента.

Во процесот на планирање на варијантите за приклучување на ФЕЦ Скандалци стручните служби на АД МЕПСО на 28 декември 2022 година спроведоа теренска посета и тоа на:

• локацијата на ФЕЦ Скандалци;


• потенцијални локации на 400/110 kV ТС ФЕЦ Скандалци;

• 400/110 kV ТС Штип;


• 400 kV ДВ Штип – Дуброво.

Целта на посетата беше просторно разгледување на постоечката состојба и утврдување на можни варијанти за приклучок на ФЕЦ Скандалци. За приклучување на ФЕЦ Скандалци на електропреносна мрежа се предлагаат две варијантни решенија:

- **ВАРИЈАНТА 1:** Изградба на нова збирна **400/110 kV ТС ФЕЦ Скандалци** за потребите на ФЕЦ Скандалци (450 MW) со два енергетски трансформатора со инсталирана моќност од по 300 MVA (вкупна инсталирана моќност од 600 MVA). Оваа ТС ќе се поврзе кон ТС Штип со нова 400 kV врска со приближна должина од околу 10 km. За да се изведе приклучокот потребно е инвеститорот да го докупи околното земјиште покрај трафостаница Штип, за да може да се прошири и изгради ново далекуводно 400 kV поле, **Слика 6**. По реализација на приклучокот инвеститорот ќе треба да ја отстапи сопственост на купеното земјиште како и самиот приклучок на АД МЕПСО.



Варијанта 1 Приклучок на ФЕЦ Скандалци



Варијанта 1 Приклучок на ФЕЦ Скандалци

3.1 Проценети трошоци

Во **Табела 1** се претставени проценети трошоци за 400 kV електроенергетска инфраструктура за Варијанта 1 за приклучок. Во проценетата цена **не** се вклучени трошоците за изведба на дистрибутивната електроенергетска инфраструктура (110kV и среден напон).

Табела 1. Проценети цени за Варијанта 1

Трошоци за 400 kV опрема - Варијанта 1			
Елемент	**Единечна цена [€]**	**Количина**	**Цена [€]**
400 kV ДВ Поле (ФЕЦ Скандалци) во ТС Штип	1.000.000	1	1.000.000
400 kV ДВ Поле (ФЕЦ Скандалци) во ТС Скандалци	1.000.000	1	1.000.000
400/110 kV ТР Поле во ТС ФЕЦ Скандалци	1.000.000	2	2.000.000
400/110 kV Трансформатор во ФЕЦ ТС Скандалци	3.200.000	2	6.400.000
Трошоци за 400 kV ДВ- Варијанта 1			
Елемент	**Единечна цена [€/km]**	**Приближна должина [km]**	**Цена [€]**
400 kV ДВ ТС ФЕЦ Скандалци - ТС Штип	400.000	10,0	4.000.000
Вкупно:			**14.400.000**

инфраструктура за Варијанта 2 за приклучок. Во проценетата цена **не** се вклучени трошоците за изведба на дистрибутивната електроенергетска инфраструктура (110kV и среден напон).

Табела 2. Проценети цени за Варијанта 2

Трошоци за 400 kV опрема - Варијанта 2			
Елемент	**Единечна цена [€]**	**Количина**	**Цена [€]**
400 kV ДВ Поле (ФЕЦ Скандалци) во ТС СКандалци	1.000.000	2	2.000.000
400/110 kV ТР Поле во ТС ФЕЦ Скандалци	1.000.000	2	2.000.000
400/110 kV Трансформатор во ФЕЦ ТС Скандалци	3.200.000	2	6.400.000
Трошоци за 400 kV ДВ - Варијанта 2			
Елемент	**Единечна цена [€/km]**	**Приближна должина [km]**	**Цена [€]**
400 kV ДВ влез-излез на 400 kV ДВ ТС Штип - ТС Дуброво	600.000	6,0	3.600.000
Вкупно:			**14.000.000**

4. ЗАКЛУЧОК

Фотонапонската електрична централа Скандалци за да се приклучи на преносната мрежа потребно е да изгради нова збирна 400/110 kV ТС ФЕЦ Скандалци за потребите на ФЕЦ Скандалци (450 MW) со два енергетски трансформатора со инсталирана моќност од по 300 MVA (вкупна инсталирана моќност од 600 MVA).

Во овој документ се дадени две варијанти на изведба на приклучокот на **ФЕЦ Скандалци** на преносна мрежа:

- **ВАРИЈАНТА 1 :** поврзување кон 400 kV ТС Штип со нова 400 kV врска со приближна должина од 10 km. За да се изведе приклучокот потребно е инвеститорот да го докупи околното земјиште покрај самата трафостаница, за да може да се прошири и изгради ново далекуводно 400 kV поле. По реализација на приклучокот инвеститорот ќе треба да ја отстапи сопственост на купеното земјиште како и самиот приклучок на АД МЕПСО. Проценета цена на 400 kV енергетска инфраструктура е околу 14,4 милиони €;
- **ВАРИЈАНТА 2:** - поврзување кон 400 kV ДВ ТС Штип – ТС Дуброво со нова 400 kV врска влез – излез со приближна должина од 6 km. (Варијанта 2). Проценета цена на 400 kV енергетска инфраструктура е околу 14 милиони €.

Во понатамошната постапка, со цел надминување на техничките ограничувања на електропреносната мрежа, варијантите за приклучување може да се редефинираат.

Пресметковните мерења ќе се изведуваат на начин договорен со МЕПСО. На 400kV страна со посебно броило кое треба да ја мери од една страна енергијата која се предава на мрежата, а од друга страна енергијата која ја користи постројката.

Шемата и изведбата е обврска на дистрибутивниот оператор МЕПСО. Се дефинира во електроенергетската согласност.

Објект на надзор и управување во сончевата електроцентрала е процесот на производство на електрична енергија.

Поред основната функција предмет на надзор ќе биде и надзор на несакан пристап во објектот.

Пресметковни мерења

Пресметковните мерења ќе се изведуваат на начин договорен со МЕПСО. На 400kV страна со посебно броило кое треба да ја мери од една страна енергијата која се предава на мрежата, а од друга страна енергијата која ја користи постројката.

Шемата и изведбата е обврска на дистрибутивниот оператор МЕПСО. Се дефинира во електроенергетската согласност.

Автоматска работа, надзор и управување

Објект на надзор и управување во сончевата електроцентрала е процесот на производство на електрична енергија.

Поред основната функција предмет на надзор ќе биде и надзор на несакан пристап во објектот.

5. Опис на животната средина околу локацијата на проектот

Проектната локација се наоѓа во општина Штип. Општина Штип вклучува 71 населено место: Штип, Балталија, Брест, Врсаково, Горачино, Доброшани, Долани, Драгоево, Едеклерци, Јамуларци, Калапетровци, Кошево, Криви Дол, Лакавица, Лесковица, Липов Дол, Љуботен, Никоман, Ново Село (населба), Ново Село (село), Пенуш, Пиперово, Почивало, Пухче, Сарчиево, Селце, Скандалци, Софилари, Стар Караорман, Степанци, Суво Грло, Судик, Сушево, Танатарци, Тестемелци, Топлик, Хаџи-Реџепли, Хаџи-Сејдели, Хаџи-Хамзали, Црешка, Чардаклија, Чифлик, Шашаварлија и Шопур.

5.1. Географски карактеристики на локацијата

Предметната локација во КО Јамуларци и КО Скандалци, Општина Штип се наоѓа југозападно од населено место Штип на надморска височина од 200-400 м.

Во централниот дел на Источна Македонија е лоцирано подрачјето на Општина Штип и со својата површина од 556 km^2 зафаќа 3,1% од површината на Република

Македонија, со 71 населено место. Општина Штип се граничи со 7 општини и тоа: Радовиш, Конче, Неготино, Градско, Лозово, Св. Николе и Карбинци.

Општина Штип е во близина на главните и поголеми сообраќајни артерии во Република Македонија и Балканот. Преку Штип поминуваат правци кои ја поврзуваат Вардарската долина и Скопје, со источните делови на Македонија и соседна Бугарија.

Градот Штип го зафаќа просторот околу Исарот и лежи во средното сливно подрачје на реката Брегалница. Површината на градот со населбите изнесува 13,5 km^2.

Во близина на Штип се наоѓа планината Плачковица. Тоа е идеално место за развој на планински туризам. Плачковица го има највисокиот врв Лисец (1754 метри надморска височина), кој е предизвик за многу планинари. Тоа е причина што во градот постои планинарското друштво Лисец, а најчестиот пат за пристап до планината тргнува токму од Штип. Преку планинарскиот дом Вртешка се стигнува на висока позиција до манастирот Свети Ѓорѓи.

Планината Плачковица се наоѓа на четириесеттина километри од градот Штип. Таа спаѓа во редот на стари грададни планини. Составот на теренот најчесто е гранитен со кристални шкрилци и помлади еруптивни карпи. На планината има богата флора и фауна со неколку видови што живеат само на оваа планина.

На планината Плачковица се наоѓаат и трите прекрасни кањони: Камник, Козјак и Зрновка во кои се наоѓаат прекрасни природни убавини како реки, водопади, преслапи, високи карпи.

За многумина кањонот Камник со својата убавина претставува Колорадо во мало. До сите кањони е обезбедена потребна инфраструктура за непречено движење (маркации, билборди, патокази, сајли, ферети и место за одмор).

Од многуте убавини кои ги нуди планината Плачковица се и пештерите кои ги има повеќе, од кои пет се испитани и достапни за посетители. Најголема од нив е Големата пештера, со испитана должина од 600 метри. Таа претставува вистински бисер со своите пештерски украси и предизвик за спелеолозите. Пештерите: Ќуп, Ајдучка, Туртел и Понор се помали, но богати со пештерски украси и се лесно достапни за посетителите и до нив водат маркирани патеки.

Рељефно поширокиот простор околу општината претставува мозаик, ортографски доста разигран. Релјефната структура ја демантира поволната положба на КО Јамуларци и КО Скандалци во регионот во однос на сообраќајните врски кои се насочени во природно погодните простори за комуницирање.

Преку Штип поминуваат правци кои ја поврзуваат Вардарската долина и Скопје со источните делови на нашата Република и соседна Бугарија за што посебно погодува отвореноста на Овче Поле. Природно погодни коридори за комуницирање се правци

Овче Поле - Кочанско Поле - Делчевско Поле на исток и Овче Поле - Криволакавичка котлина Радовишко поле на југоисток.

Споменатите два правца како природно погодни простори за насочување на сообраќајот на Штип му дава висок ранг на системот на населбите во Источна Македонија. Во Релјефната физиономија на територијата која ја зафаќа градот и неговото непосредно опкружување се издвојуваат три целини :

- ридчеста (околу 10%) расположени јужно и источно од постојното градско ткиво,

- падинска (околу 30%) од вкупна површина,

- рамничарска (околу 60%) од вкупната територија на градот.

5.2. Геолошки карактеристики на локацијата

Опфатот на урбанистичката документација и неговата блиска околина по својот геолошки состав припаѓа на Српско - Македонската геотектонска маса. Теренот се одликува со сложена тектонска градба настаната со квартер-геолошки формации на алувиумот со нормална утврдена граница со геолошки формации формирани во стар палеозоик -албит, кварц, мусковит и хлоритски шкрилци.

Првата зона е комплекс од алувијални единки: чакал, песоци и глиновити прашасти фракции. По своите карактеристики тие се слабо консолидирани, со неуедначена големина и сложеност на зрното спагат во категоријата на слабо врзани стени. Втората зона би била формациите формирани во стариот палеозоик.

5.3. Сеизмички карактеристики на теренот

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти. Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи. Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни кататстрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на Република Македонија, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

5.4. Хидролошки карактеристики

Во Штип течат две реки. Поголемата е Брегалница (должина 43 километри) што на пат до вливот во реката Вардар поминува низ Штип. Помалата, е Отиња (3 километри должина).

Предвидениот опфат на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Јамуларци и КО Скандалци, Општина Штип, се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) „Средна и Долна Брегалница" кое го опфаќа сливот на реката Брегалница од браната Калиманци до вливот во реката Вардар. На ова ВП припаѓаат и сливовите на реките: Оризарска, Злетовска, Свети Николска, Осојница, Зрновка, Козјачка и Лакавица.

ВП „Средна и Долна Брегалница" е сиромашно со вода. За сливот на реката Брегалница специфичното истекување мерено кај водомерната станица „Берово“ изнесува 11,8 л/сек/км^2, додека на водомерните станици „Очи Пале" изнесува 5,9 л/сек/км^2 и „Штип“ изнесува 4,1 л/сек/км^2.

За целосно искористување на потенцијалот на водотеците (хидроенергетски, за водоснабдување на населението и индустријата и за наводнување) во ВП „Долна и Средна Брегалница" изградени се акумулациите Градче на реката Кочанска, Пишица на реката Пишица, Мантово на Лакавица и Мавровица на река Мавровица. За идниот период се предвидува изградба на акумулациите: Јагмулар на реката Брегалница, Речане на Оризарска Река и Баргала на Козјачка Река.

Опфатот на површинските соларни и фотоволтаични електрани се наоѓа во сливот на планираната акумулација Јагмулар.

Максималното ниво на водата во акумулацијата се предвидува на кота 250,0 м.н.в. Заради значењето и важноста на акумулациите како постојан изворник на вода, секој субјект е должен во текот на своите активности да се однесува внимателно и рационално во користењето на водите, да го спречува загадувањето на водите и да избегнува активности кои може да предизвикаат негативни ефекти во сливното подрачје на акумулацијата. Во сливот на предвидената акумулација забрането е да се изведуваат работи кои би можеле да ги сменат природните услови поради што би можело да дојде до лизгање на теренот, појава на ерозија или создавање на суводолици и порои.

Бидејќи Источниот Регион е сиромашен со вода, со Просторниот план на Република Македонија зацртана е изградба на регионален водостопански систем (РВСО) „Треска“, со кој ќе се зафаќаат води од сливовите на реките Треска и Црна Река и ќе се транспортират кон Источна Македонија, односно ќе се покриваат потребите во ВП „Скопје“, „Пчиња", „Средна и Долна Брегалница" и „Струмичко Радовишко". Дефинирањето на трасата на овој РВС ќе биде предмет на идна проектно техничка и урбанистичко планска документација.

Низ просторот каде се предвидува изградбата на електраната минуваат времени водотеци кои се вливаат во реката Брегалница. При изработката на документацијата да се обезбеди заштитен појас покрај водотеците со цел да се обезбеди заштита на просторот од негативни последици при појава на големи води.

5.5. Климатски карактеристики на подрачјето

Климата на овој простор е условена од следните услови: реката Брегалница, планината Плачковица и од ветровите.

Подрачјето на Општина Штип се карактеризира со умерено – континентална клима и со одредени влијанија на изразито медитеранска клима преку долината на река Брегалница. Ова подрачје се одликува со посебен температурен режим. Тој е резултат на наведените обележја на подрачјето и на продорите на студени и топли воздушни маси во текот на годината, кои во зимските месеци условуваат доста ниски, а во летните месеци доста високи температури на воздухот. Поради тоа, ова подрачје се одликува со зголемено апсолутно температурно колебање. Најчесто во општината дува југозападен ветер кој е топол и благ, како последица на продирање на топлите воздушни струи од Повардарието и најизразен е во пролетните и есенските месеци. Покрај овој ветер често се јавува и северозападен ветер кој е постуден и нај изразен е во март.

Просечната годишна температура на воздухот изнесува 13^0 С. Просечен годишен минимум од $1,7^0$ С и просечен годишен максимум од $14,3^0$ С. Најтопол месец е јули со $24,19^0$ С, а најстуден јануари со $1,3^0$ С. Апсолутен максимум на температурата на воздухот е забележан на 24-07-2007 година од $43,5^0$ С, апсолутен минимум на температура на воздухот е забележан на 26-01-1954 година од $-22,7^0$ С, апсолутно годишно колебање од $66,2^0$ С. Просечната зимска температура изнесува $2,6^0$ С, пролетната температура изнесува $12,6^0$ С, летната просечна температура изнесува $23,2^0$ С и просечната средна есенска температура изнесува $13,6^0$ С. Есенските температури се повисоки од пролетните.

Мразниот период просечно трае 142 дена.

Просечната годишна сума на врнежите изнесува 473,3 мм и тоа најмногу во мај со 56 мм, а најмалку во февроари 29,8 мм, додека апсолутниот максимум на врнежите е забележан на 06-08-2007 година од 77,9 лит. Зимскиот период паѓаат вкупно просечно 1019 мм, пролетниот период вкупно за 3, 4, и 5 месец просечно паѓаат 128,2 мм, летниот период просечно паѓаат 37,21мм, а во есенскиот период просечно во месеците септември, октомври и ноември паѓаат по 44,3 мм или вкупно за сите месеци просекот е 132,91 мм. Годишен просек на влажноста на воздухот изнесува 674. Број на денови со снег годишно има 19 денови со град има 35, годишен број на денови со магла е 12, просечната снежна покривка изнесува 9,7 см. Просечна должина на траење

на периодот со снег е 95 дена. Просечен број на ведри денови е 87, просечен број на облачни денови е 194 дена и просечен број на тмурни денови е 84.

Во Штипската котлина најчест ветер е од северозападниот правец кој дува со брзина од 3,6 тм/ч и јачина до 10 бофори што е и најсилен ветер заедно со југоисточниот ветар кој е со брзина од 3,8 м/ч што е најголема брзина. Ветер со најмала честина е источниот со јачина од 8 бофори. Повеќе од третина од денонoќието е без ветар. Податоците се од мерна станица Штип.

5.6. Инфраструктура

Водовод и канализација

Водоснабдувањето за комунални и индустриски потреби на подрачјето на општина Штип се врши преку каптирани извори од поединечни локални или групни водоводни системи.

Водоснабдувањето за комунални и индустриски потреби го врши ЈП Исар со РЕ Водовод и канализација со дејностите: Производство и дистрибуција на вода за пиење, Колектирање, пречистување и одведување на отпадна вода. Јавен водоводен систем има изградено во градот и уште во 4 селски населби (Три чешми, Караорман, Долани и Драгоево). Тие се снабдуваат од подземни води кои се резултат на инфилтрација на речната вода на реката Брегалница која преку хидраулична врска со водоносните слоеви се акумулира во приобалните водни басени.

Од вкупно 43652 жители на градот Штип на водоводната мрежа се приклучени околу 90%.

Вкупниот број на приклучоци изнесува 12.791 од кои 11.975 се за домаќинства и 806 се за индустрија.

Според добиените податоци и информации од надлежната институција ЈП„Исар“ на дадениот плански опфат нема постоечки инсталации.

Електроенергетски чинители

Според добиените податоци и информации од ЕВН – Скопје и МЕПСО – Скопје, на дадениот плански опфат нема постоечки инсталации.

Сообраќај

Низ просторот каде се предвидува изградбата на електраната минуваат времени водотеци кои се вливаат во реката Брегалница. При изработката на документацијата да се обезбеди заштитен појас покрај водотеците со цел да се обезбеди заштита на просторот од негативни последици при појава на големи води.

5.5. Климатски карактеристики на подрачјето

Климата на овој простор е условена од следните услови: реката Брегалница, планината Плачковица и од ветровите.

Подрачјето на Општина Штип се карактеризира со умерено – континентална клима и со одредени влијанија на изразито медитеранска клима преку долината на река Брегалница. Ова подрачје се одликува со посебен температурен режим. Тој е резултат на наведените обележја на подрачјето и на продорите на студени и топли воздушни маси во текот на годината, кои во зимските месеци условуваат доста ниски, а во летните месеци доста високи температури на воздухот. Поради тоа, ова подрачје се одликува со зголемено апсолутно температурно колебање. Најчесто во општината дува југозападен ветер кој е топол и благ, како последица на продирање на топлите воздушни струи од Повардарието и најизразен е во пролетните и есенските месеци. Покрај овој ветер често се јавува и северозападен ветер кој е постуден и нај изразен е во март.

Просечната годишна температура на воздухот изнесува 13^0 С. Просечен годишен минимум од $1,7^0$ С и просечен годишен максимум од $14,3^0$ С. Најтопол месец е јули со $24,19^0$ С, а најстуден јануари со $1,3^0$ С. Апсолутен максимум на температурата на воздухот е забележан на 24-07-2007 година од $43,5^0$ С, апсолутен минимум на температура на воздухот е забележан на 26-01-1954 година од $-22,7^0$ С, апсолутно годишно колебање од $66,2^0$ С. Просечната зимска температура изнесува $2,6^0$ С, пролетната температура изнесува $12,6^0$ С, летната просечна температура изнесува $23,2^0$ С и просечната средна есенска температура изнесува $13,6^0$ С. Есенските температури се повисоки од пролетните.

Мразниот период просечно трае 142 дена.

Просечната годишна сума на врнежите изнесува 473,3 мм и тоа најмногу во мај со 56 мм, а најмалку во февроари 29,8 мм, додека апсолутниот максимум на врнежите е забележан на 06-08-2007 година од 77,9 лит. Зимскиот период паѓаат вкупно просечно 1019 мм, пролетниот период вкупно за 3, 4, и 5 месец просечно паѓаат 128,2 мм, летниот период просечно паѓаат 37,21мм, а во есенскиот период просечно во месеците септември, октомври и ноември паѓаат по 44,3 мм или вкупно за сите месеци просекот е 132,91 мм. Годишен просек на влажноста на воздухот изнесува 674. Број на денови со снег годишно има 19 денови со град има 35, годишен број на денови со магла е 12, просечната снежна покривка изнесува 9,7 см. Просечна должина на траење

на периодот со снег е 95 дена. Просечен број на ведри денови е 87, просечен број на облачни денови е 194 дена и просечен број на тмурни денови е 84.

Во Штипската котлина најчест ветер е од северозападниот правец кој дува со брзина од 3,6 тм/ч и јачина до 10 бофори што е и најсилен ветер заедно со југоисточниот ветар кој е со брзина од 3,8 м/ч што е најголема брзина. Ветер со најмала честина е источниот со јачина од 8 бофори. Повеќе од третина од денонoќието е без ветар. Податоците се од мерна станица Штип.

5.6. Инфраструктура

Водовод и канализација

Водоснабдувањето за комунални и индустриски потреби на подрачјето на општина Штип се врши преку каптирани извори од поединечни локални или групни водоводни системи.

Водоснабдувањето за комунални и индустриски потреби го врши ЈП Исар со РЕ Водовод и канализација со дејностите: Производство и дистрибуција на вода за пиење, Колектирање, пречистување и одведување на отпадна вода. Јавен водоводен систем има изградено во градот и уште во 4 селски населби (Три чешми, Караорман, Долани и Драгоево). Тие се снабдуваат од подземни води кои се резултат на инфилтрација на речната вода на реката Брегалница која преку хидраулична врска со водоносните слоеви се акумулира во приобалните водни басени.

Од вкупно 43652 жители на градот Штип на водоводната мрежа се приклучени околу 90%.

Вкупниот број на приклучоци изнесува 12.791 од кои 11.975 се за домаќинства и 806 се за индустрија.

Според добиените податоци и информации од надлежната институција ЈП„Исар“ на дадениот плански опфат нема постоечки инсталации.

Електроенергетски чинители

Според добиените податоци и информации од ЕВН – Скопје и МЕПСО – Скопје, на дадениот плански опфат нема постоечки инсталации.

Сообраќај

Патната мрежа во општина Штип има вкупна должина од 377,4 км, од кои 47,0 км (12,45%) се магистрални патишта, 22,4 км (5,94%) се регионални патишта и преостанатите 308,0 км (81,61%) се локални патишта. Од целокупната патна мрежа на општина Штип 230,4 км ја сочинуваат уличната мрежа во урбанизираните населени места. Останатите 147,0 км отпаѓаат на патиштата кои ги поврзуваат населените места во рамките на општината.

Во Штип се стигнува преку магистралниот пат М-5 (Штип – Кочани – Делчево) кој има врска со автопатот Е-75 (Скопје – Гевгелија) благодарение на патниот правец Штип – Велес. Постојат и регионалните патни правци Р – 601 (Штип – Планина Плачковица) и Р-526 кој поминува низ самиот град и се конектира на магистралата М-5. Во план е изгардба на нов патен правец (Штип – Миладиновци) кој ќе го скрати патувањето до метрополата Скопје.

Релевантни регионални патни правци за предметната локација влегуваат во групата на регионални патишта "РТ"и "Ра" и се со ознака:

Р1312 - (Врска со А3-Крива круша-Велес-Извор-Прилеп-врска со Р1303),

Р1204 - (Куманово-врска со А2-Свети НПНиколе-Овче Поле-врска со А33-Кадрифаково-Штип-Софилари-врска со Ад).

При планирање да се почитува законот за јавни патишта. Предметната локација се наоѓа вон зона на било кој аеродром, леталиште или воздухопловен уред.

Сообраќајниот пристап до планскиот опфат е од постоечки асфалтиран локален пат кој води до предметната локација.

Врз основа на нашето Барање за добивање на податоци и информации до Јавното претпријатие за државни патишта, добиен е Допис со бр.10-1031/2 од 09,02,2022 год. според кој се констатира дека предметниот проектен опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Телекомуникациски чинители

Од надлежните институции Телеком, А1 и АЕК се побарани податоци и информации за постоечка инсталација и во одговорите стои дека на предметниот плански опфат нема постоечки инсталации од телекомуникациски инфраструктури.

Гасовод

Од АД Национални енергетски ресурси- Скопје, се побарани податоци и информации за постоечка инсталација и во одговорите стои дека на предметниот плански опфат нема постоечки инсталации од гасоводна инфраструктура.

Податоци за зелен катастар

Според инвентаризацијата на дадениот опфат постои неуредено ниско зеленило.

5.7. Биодиверзитет (флора и фауна)


Територијата на Општина Штип е девастирано подрачје, сиромашно со шуми, на кое секундарно се проширени големи површини ридски пасишта. Постои јасно диференцирање на зонална вегетација и височински вегетациски појаси.

Најнискиот појас го зазема шумата од благун (*Quercus frainetto*) и бел габер (*Querco-Carpinetum orientalis*). Горунот (*Quercus dalechampii*) и црниот јасен (*Fraxinus ornus*) го сочинуваат дабовиот регион. Буковите шуми се застапени само на Плачковица.

Најголеми пространства заземаат стаништата на шумата од даб плоскач и цер (*Quercetum confertae-cerris macedonicum*), која го дава обележјето на целата територија на Општината. Ливадската заедница се среќава во појасот на букови шуми, а од значење е поради приносот и квалитетот, особено на белата детелина (*Trifolium repens*) и ароматичните треви.


Од животинскиот свет постои крупен и ситен дивеч, како и некои видови на диви птици. Од дивечот се среќаваат: срни (Carpeolus carpeolus), диви свињи (Sus scrofa), волк (*Canus lupus*), лисица (*Canis vulpes*), зајак (*Lepus*), а од птиците: еребица (*Perdix*), гулаб (*Columbia livia*), камењарка (*Perdix perdix*), патка (*Anas acuta),* гуска *(Anser erythropus*) и други.

Подрачјето каде е планирано да се изгради фотонапонската централа се необработливи површини и брда со нискостеблеста вегетација и грмушки. Во однос на напуштените ниви, најзначајна карактеристика на овој биотоп е доминацијата на рудерални видови растенија. На некои делови од заедницата се забележуваат заедници на млади дабови и ориентален габер. Сепак, примарната шумска вегетација е силно деградирана или е тотално исчезната во последниве години, поради прекумерната експлоатација или систематското сечење




Слика 5 Карта на заштитени подрачја во државата Извор: Министерсто за животна средина и просторно планирање (2021)

Исто така важно е да се напомене дека дел од територијата на Општина Штип (на која е лоцирана и проектната локација) припаѓа на значајно раститително подрачје (ЗРП) „Криволак“ (идентификувано во 2004 г.), значајно орнитолошко подрачје (ЗОЛ) „Тополка-Бабуна-Брегалница“ (идентификувано во 2010 г.) како и Споменик на природата „Долна Брегалница“. На Сликава се прикажани заштитените подрачја во нашата земја.



Слика 6 Заштитени подрачја (национални паркови, строги природни резервати и некои споменици на природата), Значајни подрачја за птици, Значајни подрачја за растенија и Значајни подрачја за пеперутки на територијата на Р. С. Македонија (IBA, IPA, PBA)

Дел од проектот се преклопува со подрачјето Долна Брегалнина кое има природни вредности и е предложено за заштита согласно Законот за заштита на природа, Емералд подрачје согласно Конвенцијата за заштита на дивите видови и живеалишта во Европа (Бернска конвенпија). и идно Натура 2000 подрачје согласно Директивата за живеалишта на ЕУ. Живеалиштата предложени за заштита во тој предел се карактеризираат со ниска вегетација и специфични типови на солени почви значајни за заштита. За заштита неопходни се соодветни мерки за ублажување.



Слика 7 Приказ на подрачјата заштитени со закон, подрачјата предложени за заштита и новоидентификуваните подрачја


Активностите за развој на Емералд мрежата во Р.С. Македонија претставуваат подготвителна активност за воспоставување на еколошката мрежа Натура 2000 која се развива на територијата на **земјите членки на ЕУ**. Натура 2000 претставува мрежа на заштитени подрачја прогласени врз основа на Директивата за живеалишта и Директивата за птици. Директивата за живеалишта 92/43 претставува инструмент за имплементација на Бернската Конвенција во **земјите членки на Европската Унија.**

Опис на заштитени подрачја

Во согласност со Законот за заштита на природата 67/2004, постојат шест категории на заштитени подрачја во Република Македонија: Строг природен резерват, националенпарк, споменик на природата, Парк на природата, Заштитен предел и

Повеќенаменски простор. Категоризацијата на заштитени подрачја е направено во согласност со Меѓународната унија за заштита на природата.

Со цел да се промовира системот на заштитени подрачја, Република Македонија го прифати пристапот на еколошки мрежи. Во 2002 година, беше иницран развојот на Емералд мрежата во областите од посебен интерес за зачувување (ASCI). Како што може да се види постои Емералд подрачје на планираната локација.



---------- ги покажува границите на локалитетите од Емералд

Слика 8 Емералд мрежата во Р.С. Македонија (претставува значајна подготвителна активност за воспоставување на еколошката мрежа Натура 2000 која се развива на **територијата на земјите членки на ЕУ**)

Во Стратегијата за заштита на природата 2017-2027, Брегалничкиот регион е истакнат дека поседува значителни природни вредности. Како дел од националната репрезентативна мрежа на заштитени подрачја опфатени се 36 подрачја, од кои 5 подрачја се заштитени, а 12 подрачја се предложени за прогласување како природни реткости за кои треба да постојат внимателно одбрани предложени мерки за заштита и зачувување од негативно влијание.

Според Картата на еколошката сензитивност подготвена во 2014 година за сливот на реката Брегалница, просторот на Долна Брегалница е идентификуван како подрачје со биолошка разновидност.

За предметниот плански опфат издадени се Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Јамуларци и КО Скандалци со технички број Y33721 за 429,79 ха и Решение за Услови за планирање на просторот со бр.УП 1-15 1850/2021 од 13.12.2021 год.издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање, како и Дополна на условите за планирање на просторот со технички број Y33721i за 304,4 ха и Решение за Услови за планирање на просторот со бр.УП 1-15 804/2022 од 05.05.2022 год.издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање.


Условите за планирање претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на плански концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот обработени согласно Просторниот план на Република Македонија, највисок стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ донесен за цел утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената и уредување и користење на просторот.

Спроведувањето на планот значи задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво со Просторниот план. Изработена е студија за оправданост за изработка на урбанистички план како дел од планската програма. Студијата за оправданост се изработува за да обезбеди објективно и информативно одлучување за отпочнување на постапка за донесување на урбанистички план, од аспект на просторна, еколошка, финансиска и економска оправданост на градежниот зафат за чиешто градење е потребен урбанистички план.

Секторот за просторно планирање при МЖСПП во Измена и дополна на услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Јамуларци и КО Скандалци општина Штип кои произлегуваат од Просторниот План на Р.С.Македонија Тех. бр. У33721i упатува на заштита на природата (природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност). Во Измена и дополна на условите за планирање на просторот е дадено дека согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за

потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Јамуларци и КО Скандалци, Општина Штип, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Предметниот простор се наоѓа во подрачје "Кањон на Брегалница" кое е идентификувано подрачје во Националната Емералд мрежа.

На следнава слика е прикажан делот од локацијата која навлегува во идното Натура 2000 подрачје и соодветно на тоа во точка 6.5. Влијание врз растителниот и животинскиот свет (биодиверзитетот) се елаборирани можните и очекуваните влијанија и во точка 7.6. Мерки за заштита на биодиверзитет се дадени соодветните мерки за ублажување и заштита.


Долна Брегалница - НАТУРА 2000
Долна Брегалница

Слика 9 Дел од локацијата која навлегува во идното Натура 2000 подрачје

5.8. Демографски карактеристики

Во општина Штип, која вклучува 71 населено место и претставува 3,1% од површината на Македонија, живеат вкупно 47 796 жители. Население (2021)вкупно 44.866 и густина 77/км^2 (200/м^2). Националната структура на општината ја сочинуваат:

Народ	Вкупно	Удел (%)
Македонци	41.670	87,19
Албанци	12	0,03
Турци	1.272	2,66
Роми	2.195	4,59
Власи	2.074	4,34
Срби	294	0,62
Бошњаци	11	0,02
останати	265	0,55

Вероисповед	Вкупно
православни	42.755

Вероисповед	Вкупно
муслимани	3.555
католици	75
протестанти	5
останати	1.406

5.9. Археолошки и културно-историски споменици

Регистрираните културно – историски обележја на Општина Штип датираат уште од неолитскиот, енеолитскиот, бронзенодопскиот, железнодопскиот, хеленистичкиот, римскиот како и доцноантичкиот и средновековниот период. Како најпрепознатливи се тврдината Исар и археолошкиот локалитет Баргала. Тврдината Исар се наоѓа на н.м.в од 150 m, лоцирана во централниот дел на градот Штип, од левата страна на реката Отиња (притока на река Брегалница, која минува низ градот Штип). Истата потекнува од 14 век. Во источниот дел се регистрирани остатоци од ранохристијанска базилика со капители, од 6 век. археолошкиот локалитет Баргала претставува доцноантички град, (од 4 до 6 век) изграден од Римјаните.

Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура, врз основа на барање бр.0302-181/22-2 од 28.10.2022 година даде мислење за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е - Инфраструктура Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Јамуларци и КО Скандалци, општина Штип (тех.бр.У-34/21 од септември, 2022г.) изработен од Студио Атриум доо -Штип. Врз основа на издадените податоци (акт бр. 08-2241/2 од 15.11.2021 .год.) е наведено дека во границите на проектниот опфат се наоѓа археолошки локалитет „Градиште - Кота 277" (населба од доцноантичкото време, Фазен Извештај од проектот Археолошки катастар бр.08-2158/1 од 30.07.2015 година) - добро за кое се претпоставува дека претставува културно наследство. Во мислењето се дава насока да се добие мислење

од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Штип како надлежна установа за заштита на културното наследство, да пропишат соодветни услови. Како надлежна установа за заштита на културното наследство на територијата на општина Штип, по извршениот увид на терен и преглед на доставената документација известија дека во границите на предметниот опфатот не постои културно наследство од каков и да било вид.

6. Влијание на проектот врз животната средина

За да може да се оцени позитивното и негативното влијание на проектните активности во сите фази на проектот, потребно е да се идентификуваат сите проектни активности кои придонесуваат кон нарушување или подобрување на сегашната состојба со сите медиуми на животната средина. Подготовката на Елаборатот за заштита на животна средина е со цел да се утврдат потенцијалните негативни влијанија врз животната средина кои произлегуваат од проектните активности за изградба на фотонапонска електроцентрала општина Штип. Подолу даден детален опис на потенцијалните влијанија врз животната средина во фаза на изградба и во оперативна фаза на фотонапонска електроцентрала општина Штип (емисиите во воздух, управувањето со отпад, емисијата од бучава, влијанија врз биодиверзитет и др.). Врз основа на идентификуваните потенцијални влијанија, нивното значење, големината, видот и времетраењето, мерки за избегнување, спречување, ублажување или надоместување на негативните влијанија е изработена Програма за заштита на животната средина (во Поглавје 7).

6.1. Емисии

6.1.1. Емисии во воздух

Согласно Законот за квалитет на амбиентен воздух (“Сл.весник на РМ“ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 69/11, 59/12, 100/12, 163/13, 169/13 и 146/15) и подзаконските акти, кои произлегуваат од него, емисиите во воздухот се категоризираат во: емисии од котли, точкасти емисии од стационарни и мобилни извори и потенцијални и фугитивни емисии.

Емисија на штетни полутанти во воздухот се очекуваат во подготвителната фаза и при изградбата на фотонапонскиот систем.

Според класификацијата на изведбените фази, во првата фаза, односно во подготвителната фаза, ќе се појават: фугитивни емисии на прашина при расчистувањето на теренот од грмушки, камења и сл., за поставување на челичните столбови. Во оваа фаза се очекуваат и емисии на издувни гасови од мобилни извори на загадување – градежната механизација, доколку се употребува за расчистување на тернот.

При процесот на монтирање на челичните столбови се очекува да се појави фугитивна емисија на прашина од ископите, емисија на прашина се очекува да се појави и при и поставувањето на каблите, односно ископот на кабелски ров. Имено станува збор за прашина од природно потекло (минерална прашина) која нема да предизвика негативно влијание по околната животна средина.

Во оваа фаза се очекува да се појави и емисија на издувни гасови од мобилни извори на загадување од механизацијата која што ќе се користи за ископ на кабелски ров и рововите за поставување на челичните столбови, како и од механизацијата која што ќе ја доставува опремата за монтирање на фотонапонскиот систем (фото модули, инвентори, кабли и сл.).

Од внатрешно согорување на нафтени деривати-бензини во моторите од возилата во атмосферата се ослободуваат издувни гасови како: јаглеродмоноксид, јаглерод диоксид, азотни оксиди, сулфурен диоксид и др.

Емисии во воздухот од предвидената активност ќе има при подготвителна и конструктивната фаза. Извори на емисија на прашина за време на градежната фаза, се активностите поврзани со расчистување на локацијата и отстранување на постојната вегетација, ракување со материјали, привремено одлагање на отпадот, движење на механизација и опрема и сл.

Вкупните количини на генерираните емисии на прашина ќе зависат од начинот на изведба на активностите, применетите мерки, карактеристиките на механизацијата и рутата на движење, периодот и времетраењето на градежните активности и метеоролошките услови во рамки на проектната локација.

Издувни гасови во амбиентниот воздух ќе се емитираат од моторите со внатрешно согорување на возилата кои секојдневно ќе гравитираат низ предметниот опфат, за времетраење на градежната фаза. Стапката на емисија на издувни гасови ќе зависи од бројот на возила и јачината на моторите со внатрешно согорување, количината и квалитетот на горивото, состојбата на моторите, фреквенцијата на движење и сл.

Врз основа предвидените активности и чувствителните рецептори влијанијата врз квалитетот на воздухот се оценуваат како можни негативни, кои може да се појават веднаш, локални и краткорочни.

Во оперативната фаза не се очекуваат емисии во воздух. Напротив, од нејзиното работење се предвидува намалување на емисијата на стаклени гасови (CO_2)

6.1.2. Емисии во води

При процесот на монтажа на фотонапонскиот систем не е предвидено користење на било какво количество на вода. Отпадна вода ќе продуцираат единствено вработените при одржување на хигиената (миење на рацете) и сл., која

количината ќе зависи од бројот на ангажирани вработени кои ќе работат на локацијата. Снабдувањето со вода за пиење ќе се врши со флаширана вода кој секојдневно ќе се носи на самата локација каде ќе се вршат градежните работи и ќе ги задоволува потребите на неколкуте вработени кои ќе се наоѓаат на локацијата.

При изведбата на градежните активности вработените ќе продуцираат отпадна вода при одржување на хигиената (миење на рацете) и освежување во летниот период. Количината на отпадна вода која ќе се продуцира е минимална, не се предвидува да биде поголема од 20 l/ден односно 600 l/месечно и потекнува од миење на раце на работниците кои ќе работат.

Можни се евентуални инцидентни истекувања на масло од возилата и механизацијата која ќе биде ангажирана да се користи при градежно - монтажни активности кои би можеле да влијаат негативно на подземните води. Загадување на подземните води може единствено да настане во случај на несакано излевање, несреќи и хаварии.

6.2. Создавање на отпад

При процесот на инсталација на фотонапонскиот систем и подготовка на теренот ќе се продуцира главно градежен отпад (земјен материјал) и органски отпад од расчистување на теренот (отстранетата вегетација). Комунален отпад ќе продуцираат работниците, при извршување на работните активности за монтирање на фото модулите. При изведба на градежните активности изведувачот на градежните работи отпадниот материјал ќе се одстрани и транспортира на одобрена локација. Од активноста на објектот главно нема да се генерира отпад. Од одржување на опремата за конвертирање на сончевата енергија во електрична енергија ќе се генерира минимална количина на отпадни кабли, бакарни жици и сл, кој отпад ќе се селектира и собира за повторна употреба и предавање со договор. При евентуална појава на неупотребливи фотоволтаични модули – соларни ќелии, истите ќе се испорачаат на производителот за да се изврши замена со нови.

Комуналниот отпад продуциран од страна на вработените кој главно ќе се состои од остатоци од храна, амбалажа од пијалоци и слично, поради малите количини, истиот ќе се одлага во поставените ПВЦ ќеси, кои по полнењето ќе се заврзуваат и ќе се носат во садовите лоцирани во непосредна близина. Создавачите на комунален отпад должни да склучат посебен договор за собирање и транспортирање на отпад со овластена фирма за собирање и транспорт на ваков вид отпад. Отпадот од земјените ископи, доколку се јави во вишок, ќе се транспортира со специјални камиони до најблиската одобрена локација предвидена за градежен отпад, од страна на изведувачот на оваа активност. Видовите на отпад кои ќе се создаваат за време на градежните активности при изградба на овој фотонапонски систем и при

неговото функционирање, како и начинот на кој ќе се постапува со различните видови на отпад, се прикажани во следната табела:

Видови отпад кои ќе се создаваат за време на градежните активности и при функционирање и начинот на кој ќе се постапува со различните видови на отпад

Ред. број	Вид на отпад	Број од Листата на видови на отпад (Сл. Весник бр.100/2005)	Количина на отпад на годишно ниво изразени во тони или литри	Начин на постапување со отпадот (Преработка, складирање, предавање, отстранување и слично)	Назив на правно лице кое постапува со отпадот и локација каде се отстранува отпадот (депонија)
1	Мешан комунален отпад	20 03 01	Не може да се одреди	Привремено одлагање во ПВЦ ќеси, до негово отстранување во најблискиот контејнер	Договор за преземање со овластена фирма за собирање и транспорт на ваков вид отпад
2	Органски отпад (растенија, дрва, грмушки и сл.)	20 02	Точната количина неможе да се одреди	Складирање на самата локација се до предавање на правно/физичко лице кое поседува дозвола за управување со ваков тип на отпад	На одобрена локација која ќе му ја одредат на изведувачот
3	Земјен материјал	17 05 06	Минимална количина	Складирање на адекватна локација се до одведување на одобрена локација	На одобрена локација која ќе му ја одредат на изведувачот

4	Загадена почва од евентуално испуштање на масло од градежната механизација	17 05 05*	Незначителна количина	Складирање на адекватна локација се до одведување на одобрена локација за градежен отпад	Договор за преземање со овластена фирма за собирање и транспорт на ваков вид отпад

1	Кабли (бакарна жица и сл.)	17 04 11	Незначителна количина	Селектирање на адекватна локација	Склучување на договор со компанија која што има дозвола за постапување со ваков тип на отпад
2	Отпад од електронска и електрична опрема (диоди и сл.)	16 02 16	Незначителна количина	Селектирање	Склучување на договор со компанија која што има дозвола за постапување со ваков тип на отпад

6.3. Емисии и влијанија врз почвата

Градежните активности може да ги нарушат геолошките карактеристики на почвата како резултат на изведба на тешки градежни активности (користење на тешка механизација и возила, транспорт на материјали, одлагање вишок ископан материјал, и др.) при што може да дојде до збивање на почвата и да се наруши природниот квалитет и намалување на плодноста на истата. Активностите за расчистување и градба може да резултираат со губење на почва преку ерозија, предизвикана од вода или ветер.

Реализацијата на проектните активности може да предизвика загадување на почвата во случај на несоодветно управување со отпадните води, отпадот, несакани истекувања, ракување со материјали и сл.

Во оперативната фаза на проектот не се очекуваат емисии во почвата. Влијанијата врз почвата се оценуваат како можни, локални и краткорочни (во градежна фаза).

6.4. Бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење

Бучава

За време на процесот на изведба, максимално дозволените нивоа на бучава, можно е да бидат надминати.

Согласно Правилникот за локациите на мерните станици и мерните места Сл. Весник на РМ“ бр.120/08) и Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава (“Сл.Весник на РМ“ бр.147/08) мерните места припаѓаат во подрачје со IV степен на заштита од бучава, подрачје каде се дозволени зафати во околината, во кое помалку ќе смета предизвикувањето на бучава, односно трговско - деловно подрачје - станбено подрачје, кое истовремено е наменето за престој, подрачје без станови, наменето за индустриски или занаетчиски или други слични производствени дејности, транспортни дејности, дејности за складирање и серисни дејности и комунални дејности кои создаваат поголема бучава.

Граничните вредности кои не треба да бидат надминати со цел да се спречат несакани ефекти по здравјето кај изложената популација изнесуваат:

Подрачје според степен на заштита од бучава	Ниво на бучава изразена во dBA		
	La(07-19часот)	Lб(19-23часот)	Lx(23-07часот)
Подрачје од Прв степен	50	50	40
Подрачје од втор степен	55	55	45
Подрачје од трет степен	60	60	55
Подрачје од четврт степен	70	70	60

Граничните вредности за нивото на бучавата во реони надвор од урбанизирани локации изнесуваат:

Видови реони	Ниво на бучава изразена во dBA		
	Ld	Ls	Lh
Реони изложени на интензивен патен сообракај	60	55	50
Реони изложени на интензивен железнички сообракај	65	60	55
Реони изложени на авионски сообракај	65	65	55
Реони со интензивна индустриска активност	70	70	70
Тивки реони надвор од агломерациите	40	35	35

Бучавата која ќе се појави за време на изведбата на проектните активности се појавува како резултат на работата на градежната механизација која ќе биде ангажирана за време на фазата за изградба, односно возилата за дотур и транспорт на градежните материјали и механизацијата за реализација на конструктивните активности. Специфичноста на влијанието најмногу ќе зависи од видот на опремата, типот и техничката исправност на градежната механизација.

Метеролошките услови имаат големо влијание врз интензитетот на бучава и воздушните удари. На воздушните удари влијаат правецот и брзината на ветерот,

додека на ширењето на звукот влијаат брзината на ветерот и температурата, во функција од висината и конфигурацијата на теренот. Ветерот делува на зголемување на интензитетот на звукот, зголемувањето на интензитетот на звукот скоро секогаш е во правец на ветерот. Влијанието на ветерот врз интензитетот на бучава е најголемо во зимскиот период.

Граничните вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина се утврдени во Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава (“Сл.Весник на РМ“ бр.147/08). За време на изведување на градежните активности ќе се користат различни машини и опрема кои ќе генерираат бучава, како резултат на изведбата на градежните активности, транспорт на градежен материјал и отпад, транспорт на работници и сл. Интензитетот на генерираната бучава ќе зависи од видот на возилата и опремата, нивното одржување, локацијата каде што опремата ќе биде поставена во текот на работата, бројот на опрема што ќе се користи на едно место во исто време и од растојанието на местата од чувствителните рецептори.

Вибрации

Вибрациите настануваат како последица на осцилациите предизвикани од машините во процесот на работа, како и останатите уреди и апарати со кои работникот ракува директно или индиректно.

Во конкретниот случај примарен предизвикувач на вибрации се опремата која ке се користи при изградбата на објектот.

Вибрациите на тлото се јавуваат како последица од осцилациите на машините мегутоа интензитетот на истите е незначаен.

Јонизирачко и нејонизирачко зрачење

Од самиот процес на работа присутни се само извори на нејонизирачки зрачења во подрачјето на ниски фрекфенции (светилки, радиобранови, акустична опрема, антени, вентилатори).

За споредба извори со нејонизирачко зрачење во подрачјето на средни фрекфенции се: инфрацрвена и видлива светлина а во подрачјето на високи фрекфенции се ултравиолетовата светлина, рентгентско зрачење и гама зрачењето.

Мегународната комисија за заштита од нејонизирачко зрачење го пропиша Мегународниот стандард за ограничување на изложеност на временски, променливи, електрични магнетни и електромагнетни полиња кој што изнесува до 300GHz.Ова ограничување го прифака и Светската здраствена организација за подрачјето на целиот свет.

Со оглед дека во случајот се работи за извори на нејонизирачко зрачење во подрачјето на ниски фрекфенции истите по вредност се далеку под пропишаните максимални вредности .

6.5. Влијание врз растителниот и животинскиот свет

Со реализацијата на проектните активности за изградба на фотонапонски систем, се очекуваат влијанија врз билошката разновидност, минимални и би се манифестирале во подготвителната фаза при расчистувањето на теренот.

Зголемената бучава од камиони и градежна механизација за време на припремната и конструктивната фаза, може да има вознемирувачко дејство врз птиците и цицачите од околината на локацијата и можно е нивно времено мигрирање од микролокација. Ова влијание ќе биде од времен карактер додека траат активностите на одлагање на вишокот ископан земјен материјал.

Можни се влијанија врз птиците и тоа влијание потекнува од деградација/уништување/фрагментација на нивните живеалишта или од влијанија врз нивните домаќини т.е. определени видови растенија. Значајни се и влијанијата врз живеалиштата на влечугите и водоземците.

Оценка на влијанија и степен (ниво) на значајност

• Фаза на изградба

Со предвидените проектни активности, се очекуваат влијанија врз растителниот свет преку отсранување на вегетацијата која егзистира во непосредна близина на проектната локација. Но овие влијанија ќе бидат со мал интензитет и нема да бидат од големо значење. Влијанијата врз животинскиот свет во фаза на изградба ќе бидат изразени преку зголемено ниво на бучава и вибрации од градежна механизација и присуство на градежни работници, а истите ќе предизвикаат привремено раселување на животните. Причини за негативните влијанија врз биотопите, растителните заедници и афтохтоната флора, габи и фауна се следните:

- Расчистување на теренот на локациите на градба,

- Девастација на биотопите на места каде ќе бидат складирани градежни материјали,

- Зголемена бучава заради употреба на градежна механизација, фрекфенција на транспортните возила и сл.,

- Зголемено присуство на луѓе и работна сила,

- Ископување на земјиште,

- Опасност од појава на пожар

Негативните ефекти би се состоеле од:

- Вознемирување на птиците и цицачите во нивните вообичаени животни активности,

- Попречување на гнездење на птиците,

- Уништување на автохтоната вегетација, односно живеалиштата на птиците

- Прекин на циклусот на гнездење (птици)

- Измена, нарушување или уништување на живеалиштето на влечуги и водоземци.

Изградбата и подготовката на теренот не се очекува да влијаат врз овие подрачја доколку се почитуваат мерките за намалување, претпазливост, ублажување и заштита.

Бучавата, загадувањето на воздухот и присуството на сообраќај на возила може да го намали бројот на птиците-жители во радиус од неколку стотици метри. Поради тоа може да се очекува значително намалена густина на птици во непосредната близина на локацијата само во периодот на градба. Зголемената бучава од камиони и градежна механизација за време на припремната и конструктивната фаза, може да има вознемирувачко дејство и врз цицачите од околината на локацијата и можно е нивно времено мигрирање од микролокација. Ова влијание ќе биде од времен карактер.

Влијанието врз фауната е проценето како ниско поради релативно ниското ниво на фрагментација, односно на локацијата ќе се расчисти само грмушестата нискостеблеста вегетација.

Сепак, треба да се истакне дека наведените потенцијални влијанија врз биолошката разновидност во текот на фазата на подготовка и изградба се краткорочни и, со спроведување на соодветни превентивни мерки и процедури, ќе бидат ублажени до многу мали. Во услови на спроведени мерки за намалување на веројатните влијанија, предложени во овој документ, веројатно е дека предложениот проект нема да предизвика значителни неповратни влијанија на биолошката разновидност и еколошкиот интегритет на подрачјето.

Можни се влијанија во фазата на изведба се предизвикање вознемирување и директен прекин во циклусот на гнездење на птиците, како и намалување на успехот на размножување на птиците што гнездат на локацијата. Видовите од редот на врапци (*Laniidae, Turdidae, Parulidae, Paridae, Fringillidae* и други фамилии) ќе претрпат најголемо негативно влијание од фрагментацијата и директната загуба на живеалиштата. Големината на влијанието на прекин во циклусот на гнездење на птиците е мала.

Вознемирувањето, нарушувањето или уништувањето на живеалиштата на популациите на влечуги и водоземци, може да се случи поради расчистувањето и уништувањето на вегетација кои можат да бидат механички (уништување на живеалиштата), звучни од механизацијата и да предизвикаат директно загадување (прашина итн.). Од водоземците значајни се балканските ендемични видови жаби *Rana graeca u Bombina variegata*, а од влечугите копнената желка *Testudo graeca*. Како резултат на изведбените активности се очекува фрагментација и изолирање на нивните популации, како и смртност на одреден број единки. Се очекуваат одредени влијанија во однос на движењето и миграцијата на водоземците и влечугите.

Големина на влијанието – Промена, нарушувањето или уништувањето на живеалиштата на влечуги

Критериуми	**Индикативни прагови на оценка искористени за секои рангирачки критериуми**

	Праг	Типични описи
Карактеризација на влијанието	Негативно	Непосакувано
Тип на влијание	Директно	Промената, нарушувањето или уништувањето на живеалиштата произлегува од физичките активности
Реверзибилност	Повратно	Ефектите врз живеалиштата на влечуги, водоземци и риби откако ќе се појават, но најголем дел од популациите ќе се вратат во сегашната состојба.
Географски опсег	Локално	Локално
Време кога настанува влијанието	Веднаш	Ефектите од промената, нарушувањето или уништувањето на живеалиштата на влечуги ќе бидат видливи за кратко време
Времетраење	Краткорочно	Ефектите ќе бидат присутни само во фазата на изградба
Веројатност на појавување	Веројатно	Од промената, нарушувањето или уништувањето на живеалиштата на влечугите.
Големина	Мало	На места на поставување на столбовите

- Оперативна фаза

Во оперативна фаза не се очекуваат негативни влијанија врз флората и фауната, а земајќи го во предвид фактот дека по завршување на конструктивната фаза ќе се изврши ремедијација на локацијата, се очекува повторно враќање и на сега присутната инвертебратна фауна. Затоа влијанијата може да се оценат како средни или мали. Заради чуствителноста на регионот предложени се мерки за намалување. Можно влијание од одсјај на птиците од фотоволтаичните панели. Не се очекуваат значителни влијанија врз растенијата, габите и животните во текот на оперативната фаза.

Сумирање на влијанијата врз живиот свет

Изградбата ќе предизвика прекин во циклусот на гнездење на птиците, како и намалување на успехот на размножување на птиците што гнездат на локацијата на проектот. Исто така, вознемирувањето и уништувањето на живеалиштата на популациите на влечуги, може да се случи поради расчистувањето и уништувањето на локацијата. Сепак овие влијанија се краткотрајни што овозможува брза адаптација на организмите на промените во живеалиштата поради што големината на влијанието е мала.

Фаза на изградба
Влијание врз живиот свет – Мало
Оперативна фаза
Влијание врз живиот свет – Незначително

Влијанија врз заштитени и назначени подрачја за заштита

Дел од проектот се преклопува со подрачјето Долна Брегалнина кое има природни вредности и е предложено за заштита согласно Законот за заштита на природа, Емералд подрачје согласно Конвенцијата за заштита на дивите видови и живеалишта во Европа (Бернска конвенпија). и идно Натура 2000 подрачје согласно Директивата за живеалишта на ЕУ. Живеалиштата предложени за заштита во тој предел се карактеризираат со ниска вегетација и специфични типови на солени почви значајни за заштита. За заштита неопходни се соодветни мерки за ублажување.

Подрачја во опфатот на трасата на патот и оценка на влијанието во фаза на изградба

Име на подрачјето	**Вид на заштита**	**Значај на подрачјето/влијание**	**Оценка на влијание/ Фаза на изградба**	**Оценка на влијание/ Оперативна фаза**	**Образложение**
Долна Брегалница	Емералд подрачје	Дел од проектот се преклопува со подрачјето Долна Брегалнина кое има природни вредности и е предложено за заштита согласно Законот за заштита на природа, Емералд подрачје согласно Конвенцијата за заштита на дивите видови и живеалишта во Европа (Бернска конвенпија). и идно Натура 2000 подрачје согласно Директивата за живеалишта на ЕУ.	Мало	Незначително	Живеалиштата предложени за заштита во тој предел се карактеризираат со ниска вегетација и специфични типови на солени почви значајни за заштита. За заштита неопходни се соодветни мерки за ублажување.

Сумирање на Влијанијата врз заштитените и назначените подрачја за заштита (без мерките за ублажување)

Фаза на изградба

Влијание врз фрагментација на живеалишта – Мало до Средно

Оперативна фаза

Влијание врз фрагментација на живеалишта – Незначително

6.6. Влијание врз археолошки и културно-историски споменици

Како надлежна установа за заштита на културното наследство на територијата на општина Штип, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Штип, по извршениот увид на терен и преглед на доставената документација дадоа известување дека во границите на предметниот опфатот не постои културно наследство од каков и да било вид.

На подрачјето на катастарската општина Скандалци, која е предмет на анализа има евидентиран недвижен споменик на културата (Експертен елаборат): I.Археолошки локалитет "Гробишта ", Скандалци, доцен среден век.

На подрачјето на катастарската општина Јамуларци, нема евидентирани недвижни споменци на културата (Експертен елаборат).

Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина Скандалци, евидентиран е археолошкиот локалитет Гробишта, доцносредновековна црква и некропола. Помеѓу урнатините на напуштеното село и коритото на Брегалница има рамнина на која се гледаат остатоци од мала црква. Околу црквата има некропола со гробови.

На подрачјето на катастарската општина Јамуларци, нема евидентирани археолошки локалитети.

6.7. Влијанија од ризици - несреќи, хаварии и непогоди

Хаварија, е појава на голема емисија, пожар или експлозија настаната како резултат на неконтролирани настани во текот на работењето на кој било систем, со учество на една или повеќе опасни супстанции, а што доведува до сериозна опасност за животот и здравјето на човекот и за животната средина, веднаш или подоцна, во или надвор од системот што вклучува една или повеќе опасни супстанции.

Во фазата на градба, опасности од неправилно ракување со уредите и опремата можат да настанат поради нестручност и недоволна обученост на работниците, како и при неправилна употреба на алатот и опремата за работа како и недоволна информираност за опасностите што произлегуваат од неправилно постапување во оваа фаза. Опасности од субјективни причини можат да бидат непридржување на вработените кон утврдениот режим на работа, недисциплина, невнимание, психофизичка неподготвеност за работа и сл.

Голем е ризикот од несреќи и повреди на работниците и затоа се потребни мерки на заштита (оградување, осветлување на градилиштето навечер и преку ноќ и сл.).

Во оперативната фаза на ФВЦ, може да дојде до несреќи или хаварии при:

• Хаварија, како резултат на оштетување на дел од опремата на ФВЦ;

• Повреди на работниците поради непознавање на работата или не користење на лична заштитна опрема, при одржување на ФВЦ;

• Електричен (струен) удар поради неисправност на ФВЦ и опремата во неа;

• Настани кои може да предизвикаат пожар, загадување на водите и почвата, а истовремено да претставуваат опасност за човековото здравје и материјалните добра и сл. За заштита од пожар, во рамки на ФВЦ ќе бидат поставени соодветен број на ПП

апарати. Изведувачот треба да изготви План за евакуација во случај на инцидент/хаварија.

7. Програма за заштита на животната средина

Спроведувањето на Програмата за заштитата на животната средина има за цел постепено унапредување, односно подобрување на животната средина. Повеќето проекти имаат потенцијал да создадат влијанија врз животната средина. Таквите влијанија можат да варираат од незначајни до високо значајни и од краткорочни до долгорочни.

Скоро сите влијанија можат да бидат намалени преку спроведување на ефективно подобрување и мерки за ублажување.

Ефективните мерки за ублажување се оние, кои се дизајнирани за намалување на постоечките или предвидени влијанија од поединечните активности. Мерките за ублажување можат да бидат ефективни само доколку се применуваат соодветно и доколку се воспостави следење на нивното спроведување, за да се осигура дека мерката резултира со планираниот ефект.

Генерално земено, принципот за ефективно и ефикасно работење ги дава следниве ефекти:

Економски ефекти - Заштеда на суровини, енергија, трошоци за третман на отпад, емисии, зголемена продуктивност, иновативност.

Еколошки ефекти - намалување на штетните емисии, отпади, користење еколошки суровини, обновливи материјали и енергенси, намалување на отпадни води, еколошки сертификати и стандарди.

Социјални ефекти - зголемување на безбедноста при работа и заштита на здравјето на вработените, континуирано образование, информирање.

Добро планирање на активностите за време на одлагање на вишок земјен материјал ќе го минимизира ризикот од загадување на животната средина. Работниците треба да бидат добро запознаени со мерките предложени во овој Елаборат за заштита на животната средина.

Програмата за заштита на животната средина има за цел да утврди и предложи, мерки за намалување на можните негативни влијанија од изградбата на фотонапонскиот систем за производство на електрична енергија, врз животната средина. Операторот има обврска да ги имплементира овие мерки и потребно е да се следи нивната имплементација, за да се осигура дека мерката резултира со планираниот ефект.

Техничките мерки во тек на изведба кои што треба да се превземаат треба да бидат главно опфатени со проектот за организација на градбата. Воедно за секоја фаза од проектот се дадени техничките услови за изведба на таа фаза. Во

претходно споменатите делови се потенцирани мерки кои директно влијаат врз животната средина.

Пред да се отпочне со градба, потребно е да се информира надлежниот орган за почетокот на градење. Складирањето на материјали за градба ќе се врши во рамките на самата локација. Локацијата потребно е да се огради и да се заштити.

Извршувањето на овие и сите други позиции треба да се реализира согласно важечките стандарди.

Исправноста на механизацијата која ќе се користи во тек на градба претходно потребно е да се провери во овластен сервис, да е целосно исправна, како не би дошло до несакани последици на градилиштето. Да се избегнува работата на механизацијата кога не се изведуваат одредени дејствија, односно вклучувањето на моторите само додека има потреба од нив. Ваквиот начин на работа ја избегнува зголемената емисија на издувните гасови.

По завршување на работите, целиот простор во градилиштето потребно е да се уреди, да се отстрани заостанатиот отпад, а слободниот простор хортикултурно да се уреди.

7.1. Мерки за заштита на воздухот од загадување

Очекуваните влијанија од емисиите во воздух, во подготвителната, конструктивната и оперативна фаза, ќе бидат локални и со примена на следните мерки за заштита, се очекува овие влијанија да бидат сведени на минимум.

Влијанијата во воздухот ќе бидат евидентирани во подготвителната и конструктивната фаза. Во овие фази со оглед на краткиот временски период на изградба на фотонапонскиот систем ќе се појави незначителна емисија на фугитивна прашина и издувни гасови од мобилни извори на загадување.

Очекуваните влијанија од емисиите во воздух, во подготвителната и конструктивната фаза, ќе бидат локални и со примена на следните мерки за заштита, се очекува овие влијанија да бидат сведени на минимум:

За намалување на емисиите од издувните гасови се препорачува употреба на стандардизирани горива за механизацијата и исклучување на моторите на механизацијата кога не се во употреба;

Планирањето на рутата и факторот на товарење и истоварање се од големо значење за намалување на потрошувачката на гориво и емисијата на издувни гасови и фугитивна емисија на прашина;

За намалување на емисиите од издувните гасови се препорачува употреба на стандардизирани горива за механизацијата и исклучување на моторите на механизацијата кога не се во употреба. Сите градежни машини и опрема да се одржуват во добра работна состојба и да не работат кога не се во употреба;

Мерки за редуцирање на прашина - за време на сувите периоди да се врши прскање на локациите подложни на емисии на фугитивна прашина со техничка вода. За таа цел да се користат распрскувачи кои не содржат хемикалии, а се на база на вода. Друга мерка е ограничување на брзината на движење на возилата на градилиштето. Исто така, возилата што ќе превезуваат земјен материјал да бидат постојано покриени;

Планирање на рутата и факторот на товарење и истоварање се од големо значење на намалување на потрошувачката на гориво и емисијата на издувни гасови и фугитивна емисија на прашина;

Работниците на локацијата треба да носат маски за заштита од прашина.

Погоре наведените мерки се мерки на добра градежна пракса и се предвидени за да се обезбеди дека градежните активности нема да создаваат големи количини на прашина или цврсти честички во сите фази на работа.

Работата на фото модулите нема значително влијание врз медиумите на животната средина, односно станува збор за уред со кој се произведува чиста, т.н. зелена енергија, со што се намалува емисијата на стаклениčките гасови, односно производството на електрична енергија од фотонапонски модули (соларни ќелии) има позитивно влијание врз животната средина и со нивна употреба индиректно се намалува емисијата на стаклениčки гасови.

7.2. Мерки за заштита на водите од загадување

Вода ќе се користи и за распрскувачите во подготвителната и конструктивната фаза (за намалување на прашината од ископувањето и израмнувањето на земјата), но количеството, а воедно и квалитетот нема да ја нарушат еколошката рамнотежа во околината на предметната локација.

При процесот на изведба ќе се генерираат комунални отпадни води произведени од страна на градежните работници кои доколку не се управуваат соодветно може да ги загадат подземните води (на самата локација и во нејзина близина нема површински води).

Исто така, подземните води може да се загадат од исцедок од генерирани отпади (доколку не се управуваат соодветно) и од опасните супстанции во случај на несреќа и истекување на гориво, масла и мазива од градежната механизација и транспортните возила, доколку не биде отстранет контаминираниот почвен слој.

За да се намали секое влијание врз водите потребно е Изведувачот да се придржува до следните мерки за добра пракса:

При изведување на градежните активности да не се врши сервисирање на градежната опрема или полнење со гориво на локацијата. Треба да се практикува редовно сервисирање и одржување на механизацијата која ќе се употребува при изведување на градежните активности, надвор од локациите за изведба.

Перењето на градежната механизација треба да се врши на соодветна локација надвор од локациите за изведба.

Да се обезбедат собирни садови, апсорпционен материјал и противпожарна опрема заради интервенција при несакани истекувања на опасни материи;

Прекинување на градежните активности во случај на несакано излевање на масла, масти и горива врз почвите, посипување со песок и отстранување на загадениот почвен слој, за да не се инфилтрираат загадувачките материи во почвата и да доспеат до подземните води. Загадениот почвен слој да се третира како опасен отпад.

Од аспект на заштита на водите, а во согласност со Законот за води (Сл. Весник на Република Македонија бр. 87/08, 06/09,161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14,146/15 и 52/16), треба да бидат исполнети следните критериуми за заштита, одржување и уредување на површинските води и крајбрежните земјишта:

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговитс на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласност изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци,односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци и кај езеро и акумулации, во ширина од 50 метра од линијата на највисокиот утврден водостој.

2. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациитс се забрапува освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:

• да се менува правецот на водотекот;

• да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание врз протокот на водотскот;

• да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата иа водотеците кои го влошуваат режимот на течението иа водите;

• да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотецитс, езерата и акумулациите;

• да се вади чакал, песок и камен од корита и бреговите на површински водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користењето на водите;

• да се изгради брана, насин или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот;

• да се фрлат отпаден материјал (комунален, индустриски и др.), земја, градежен шут, јаловипа и слично;

• да се вршат други активности со кои се оштетуваат рочните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите.

3. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.

4. Да се спроводат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

5. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности потребно е да биде слободен.

7.3. Мерки за подобрување за управување со цврстиот отпад

Управувањето со отпадот, кој ќе се создаде при подготвителните и градежните активности за изведба, како и за време на оперативната фаза, треба да биде во согласност со Законот за управување со отпад („Сл. Весник на РМ" бр. 68/04; 71/04; 107/07; 102/08; 143/08; 124/09; 09/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16, 216/21), Глава II - Постапување со отпад, каде што се дефинирани обврските на создавачот на отпад според кои треба да се управува со истиот:

1. Создавачот или поседувачот е должен отпадот:

а) да го селектира:

б) да го класифицира според Листата на отпад;

в) да ги утврдува карактеристиките на отпадот;

г) да врши контрола на влијанијата на отпадот врз животната средина и животот и здравјето на луѓето; е) да го складира на места предвидени за таа намена и

д) да го преработува отпадот, а доколку неговата преработка е технички неизводлива и економски неисплатлива, да го предаде на правното или физичко лице кое има дозвола за собирање, транспортирање, преработка, отстранување и/или извезување на отпадот.

2. Ако отпадот има една или повеќе опасни карактеристики, создавачот и/или

поседувачот се должни да го класифицираат во категорија опасен отпад и да постапуваат со него како со опасен отпад.

Со цел да се подобри начинот на управување со отпадот при процесот на изведба на градежните активности и оперативната фаза, согласно законската легислатива во областа на управувањето со отпад, се препорачуваат следните мерки:

Селекција и класификација на сите видови на отпад согласно Законот за управување со отпад („Сл. Весник на РМ" бр. 68/04; 71/04; 107/07; 102/08; 143/08; 124/09; 09/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16, 216/21);

За управување со комуналниот отпад да се склучи Договор и да се предаде на правно или физичко лице, кое има Дозвола за складирање, третман и преработка на отпадот, односно Дозвола за собирање и транспортирање на отпад согласно Член 32 и 45 од Законот за управување со отпад („Сл. Весник на РМ" бр. 68/04; 71/04; 107/07; 102/08; 143/08; 124/09; 09/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16, 216/21);

За понатамошно постапување со селектираниот органски биоразградлив отпад од чистење на локацијата (вегетација и хумусен слој), Изведувачот треба да постапи согласно Член 87 од Законот за управување со отпад („Сл. Весник на РМ" бр. 68/04; 71/04; 107/07; 102/08; 143/08; 124/09; 09/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16, 216/21), во договор со општина Ресен. Исечените дрвја и хумус можат да се искористат од страна на локалното население за затоплување, градежен материјал и за компостирање;

Со ископаните земја и камења, Изведувачот треба да постапи согласно Член 35 од Законот за управување со отпад („Сл. Весник на РМ" бр. 68/04; 71/04; 107/07; 102/08; 143/08; 124/09; 09/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16, 216/21);

Загадената почва со отпадни масла и/или горива (опасен отпад) при евентуално инцидентно излевање од механизацијата, да се отстрани и да се предаде на Собирач за отпадни масла (Кој има Дозвола за собирање и транспорт на опасен отпад), со кој ќе се склучи Договор, согласно Правилникот за постапките и начинот на собирање, транспортирање, преработка, складирање, третман и отстранување на отпадни масла, начинот на водење евиденција и доставување на податоците („Сл. Весник на РМ" бр.156/07);

При транспорт на вишокот ископан материјал, се препорачува да не се дозволи преполнување на возилата;

Редовно сервисирање на возилата и механизацијата во текот на изведувањето на градежните активности со цел избегнување на евентуално истекување на гориво, моторно масло и/или мазива. Сервисот да се врши во овластени места за таа намена;

Изведувачот да ја одржува локацијата чиста и да не одложува отпад во и надвор од нејзините граници, истиот веднаш да се отстрани соодветно од локацијата.

7.4. Мерки за заштита на почва

Најсериозно загадување на почвата и индиректно на подземните води може да се случи при излевање на гориво, масла/лубриканти од механизацијата и возилата, и хемикалии кои се употребуваат во градежништвото.

Воедно, излеаното гориво, масла, лубриканти и некои хемикалии кои се употребуваат во градежништвото при високи надворешни температури се лесно испарливи, но и запаливи течности, кои можат да предизвикаат пожар.

Поради наведените влијанија, се препорачува примена на следните мерки:

- Контрола на исправноста на градежната механизација и транспортните возила;

- Прекин на работните активности при неконтролирано излевање на гориво, масло, лубриканти и хемикалии;

- Санацијата на загадената почва да се изврши со собирање на загадениот слој на почва, посипување со песок и отстранување, при што со загадениот материјал ќе се постапува како со опасен отпад;

Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

При изработка на Урбанистичката планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, доколку е потребно да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

7.5. Мерки за заштита од бучава и вибрации

За време на изведување на земјените и градежните работи граничните вредности на основните индикатори за бучава предизвикани од градежната механизација ќе бидат надминати. Меѓутоа станува збор за краткотрајна инцидентна бучава која нема да има негативно влијание и да ја оптовари животната средина до мерка која наложува превземање на дополнителни активности за надминување на негативното влијание. Целата механизација која ќе биде вклучена во активностите и сите транспортни возила треба да бидат технички исправни, што е предуслов за намалена бучава.

Воедно, како основна мерка за намалување на негативните влијанија предизвикани од зголемениот интензитет на бучава се препорачува исклучување на моторите на возилата и градежната механизација во моменти кога нема потреба од нивно работење. Се препорачува градежните активности да се одвиваат само во тек на дневните часови и со определена временска динамика.

Во текот на изведување на градежните активности се очекува зголемување на нивото на бучава, поради зголемено присуство на градежна механизација и транспортни возила, работници како и опрема за изведување на градежните активности. Се препорачува Изведувачот да користи опрема која создава пониско ниво на бучава, редовно одржување на опремата и придржување до дневните работни часови (забрането е изведување на градежни активности во текот на вечерта и ноќта), рестриктивно користење на звучната сигнализација и намалување на брзината на возилата заради избегнување на дополнителни извори на бучава, со кои што може да се вознемири постоечката фауна која ги населува околните хабитати/живеалишта.

Работното време и правилата за работа треба да бидат воспоставени врз основа на потребите за намалување на бучавата која предизвикува непријатност и вознемирување, особено преку избегнување на кумулативен ефект на зголемена бучава поради симултана работа на различен вид на градежна механизација и опрема.

Исто така се препорачува опремата која ќе се користи да ги исполнува условите предвидени согласно Правилникот за поблиските видови на посебните извори на бучава како и услови кои треба да ги исполнуваат постројките, опремата, инсталациите и уредите кои се употребуваат на отворен простор во поглед на емитираната бучава и стандардите за заштита од бучава (Сл. Весник на Р.М. бр.17/13). Употребата на бучна опрема треба да биде ограничена колку што е можно во пократок временски период.

Во фазата на функционирање, не се очекуваат зголемени нивоа на бучава.

7.6. Мерки за заштита на биодиверзитет

Меѓу мерките кои ќе се превземат со цел заштита на флората и фауната во подрачјето каде ќе се изведуваат проектните активности, особено спаѓаат:

За време на изведбата, одговорните лица од страна на Изведувачот да водат сметка да им дадат јасни инструкции на вклучените работници, како да се однесуваат кон животната средина. Тоа вклучува забрана на секакви активности кои го попречуваат спонтаниот развој на автохтоната флора и фауна;

Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;

Не треба да се дозволи собирање на растенија, ловење на птици и други животни и сл.;

Со цел да се избегне непотребното губење на биотопи, градежната зона треба да биде ограничени на минимум потребната површина за активности и одложувањето/складирањето на материјали/опрема треба да се врши во граници на градежната зона. По отстранувањето на вегетацијата (дрва и грмушки) да биде оставена најмалку 24 часа на локацијата за животните кои ја населувале да имаат можност за релокација;

Се забранува палење оган поради било која причина;

Да се обезбеди соодветна противпожарна опрема која постојано ќе биде на располагање;

Одржување на уредноста на градилиштето и соодветно постапување со сите видови отпади генерирани во моментот на изградба. Да не се расфрлува отпад со што би се спречило загадување на живеалишта;

Употреба на современа „тивка" работна опрема која ги задоволува барањата на Директивата ЕС/2000/14 на Европската Унија за емисија на бучава од употреба на работна опрема во надворешни услови.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;

- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;

- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;

- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;

- Рационална изградба на инфраструктурата;

- Концентрација и ограничување на изградбата;

Предлог соодветни мерки за заштита на природното наследство се:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;

- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;

- Можности за воспоставување мониторинг, контрола и надзор на објектите со природни вредности;

- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;

Намалување и ублажување на влијанијата врз флората и фауната

Подготвителна фаза

• Дефинирање на опфатот на проектот, строго согласно проектната документација. Одбегнување привремено заземање и/или уништување на соседните површини во фазата на подготвување на проектните активности. Ако има потреба од привремено користење на површините кои не се вклучени во проектот, претходно мора да се добие одобрение или друг вид на соодветна согласност од сопственикот.

• Обезбедување на противпожарни апарати во возилата на локацијата на проектот при активностите на расчистување на теренот. Тие треба редовно да се проверени и одобрени од соодветна фирма;

Фаза на изградба

Во текот на изградбата во целиот опфат како генерални мерки треба да се применат следниве:

• Изработка на План за заштита на биолошката разновидност од страна на консултант специфичен за изведбата на секоја подсекција ;

• Да се одбегнува привремено заземање и/или уништување на соседните површини. Пред употреба на површините кои не се вклучени во проектот претходно мора да се добие одобрение или друг вид на соодветна дозвола од сопственикот, независно дали истите се во државна или приватна сопственост;

• Местата за складирање на супстанци штетни за водата да се сведе на минимум. Неопходно е организирање на соодветно ракување и складирање;

• Да се обезбеди постојано присуство на противпожарни апарати во возилата на локацијата, во случај на пожари и незгоди;

• Да се одбегнува поставување на кампови или привремени локации за чување помошни материјали, алати и опрема нанекои алувијални терени во близина или попатно до локацијата, поради високите нивоа на подземна вода и можноста за нејзино загадување;

• По завршување на градежните работи чистење на локацијата, а потоа реинтегрирање на местото со околната животна средина, за што се потребни одредени биотехнички активности;

Покрај генералните мерки за ублажување кои се однесуваат на целиот проект се препорачуваат и специфични мерки за некои значајни хабитати, локалитети и предели:

• Да се избегнува пробивање пристапни патишта кои ќе минуваат низ високо чувствителните хабитати

• Постојана или повремена супервизија од експерт (еколог) за време на активностите во високочувствителните хабитати.

• Сите места кои ќе се користат како привремени складишта за градежен материјал и суровини треба претходно да бидат посочени од изведувачот со цел да се избегне можното негативно влијание врз животната средина. Крајречните хабитати, реките и потоците во близина не треба да се користат како складишта за суровини и отпадни материјали од проектот.

• Изведувачот треба да изработи План за управување со биодиверзитетот и План за ревегетација и ревитализација како посебни документи во фаза на изведба. Овие планови може да влезат во состав на Планот за управување со животната средина и социјалните аспекти (ПУЖССА) во фаза на изведба или да бидат одделни документи во фаза на изведба и ќе ги опфати активностите на заштита додека изведувачот го реализира проектот на терен. Планот за управување со биодиверзитетот во фаза на изведба во засегнатите делови од проектот, треба да

придонесе во остварување нето добивка без да се допушти нето загуба. Планот за ревегетација и ревитализација ќе овозможи ублажување на негативното влијание.

• Се забранува какво било расфрлање на бетон и други градежни материјали на градилиштето, особено во близина на речните корита;

• Сите пристапни патишта, складишта и паркинзи за механизација треба да се одржуваат чисти и уредни за да се спречи зголемено излевање на масла и нечистотии во почвата за време на силни дождови;

За време на изведбата, одговорните лица да водат сметка да им дадат јасни инструкции на вклучените работници, како да се однесуваат кон природната средина. Имено, важно е вклучената оперативa да се посвети на својата задача за навремено и професионално завршување на работите. Тоа вклучува забрана на секакви активности кои го попречуваат спонтаниот развој на автохтоната флора и фауна. За таа цел е потребно пред да се започне со подготовка на теренот да се се почитуваат дадените мерки.

Со цел да се избегне непотребното губење на биотопи, или популации на растенија или животни се предлага:

• Градилиштето да биде ограничено на минимум потребната површина за активности и одложувањето/складирањето на материјали/опрема треба да се врши во граници на локацијата.

• Отстранувањето на биотопските елементи од градилиштето за време на фазата на градба, после завршувањето на работи треба да се врати во првобитната состојба.

• Да се минимизира сечењето на растителната вегетација,

• Сите купови од градежни материјали или времено одложен инертен отпад или горен слој од почва треба да бидат заштитени од временски влијанија (ветер, дожд) со соодветни материјали.

• Употреба, на постојни пристапни патишта и минимизирање на изградба на нови пристапни патишта

• Се забранува палење оган поради било која причина, освен со одобрение од локалните власти. Ако се дозволи палење на било кое место, треба да се обезбеди соодветна противпожарна опрема која постојано ќе биде на располагање.

• Со примена на предвидените мерки за оптимална организација на просторот зафатен со градба, управување со отпадните води, отпадот, бучава и сл., ќе се намалат негативните влијанија врз флората и фауната.

• Забранет е илегалниот лов (криволовство) и собирање на растенија, габи и сл.) од

страна на градежните работници,

Оперативна фаза

Не се очекуваат значителни влијанија врз живеалиштата и видовите во текот на оперативната фаза.

Мерки за ублажување во заштитените и назначените подрачја

Покрај генералните мерки за ублажување кои се однесуваат на целиот опфат се препорачуваат и специфични мерки за овие подрачја.

Поради значењето на подрачјето покрај погоре предложените специфични мерки за значајни хабитати, локалитети и предели, се препорачува набљудување од страна на експерт. Во првите 3 години од функционирањето на електроцентралата да се врши редовен мониторинг на флората и фауната и врз основа на резултатите од мониторингот да се дефинираат понатамошни мерки.

7.7. Мерки за заштита на културно и историско наследство

Сите културно-историски споменици, како важен дел од културното наследство спаѓаат под заштита и се евидентирани во Управата за заштита на културно наследство. За заштитеното добро се предвидува режим на заштита, најчесто од прв или втор степен, а за неговата контактна зона режим на заштита од трет степен. Согласно член 71 од Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18), Управата за заштита на културно наследство е должна да процени дали дел или целото културно наследство е во опасност.

Доколку при изведбата се откријат артефакти кои можат да укажат на постоење на археолошко наследство, ќе се применуваат мерки согласно законската регулатива, што ги третира мерките за заштита според Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18), член 65, 66 и 67. Изведувачот е должен веднаш да ги извести Операторот и Министерството за култура и да ги следи нивните упатства.

Се препорачува примена на плански мерки во насока на заштита на недвижното наследство при планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација; измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство. Културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите, населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликувни и естетски вредности.

7.8. Управување со ризик (настанување хаварија, несреќа или вонредни состојби)

Појавата на хаварија е непланиран или несекојдневен настан предизвикан од небрежност, виша сила, во услови на делумно или целосно изгубена контрола врз процесот на производство или манипулација, кој е ограничен просторно и временски, а истиот може да има штетно дејство врз човековото здравје и животната средина.

За спречување на евентуалната појава на хаварии при процесот на инсталација на фотонапонскиот систем, треба:

- Инсталацијата да се изведува според важечките прописи кои се однесуваат за овој вид на инсталации, според планот, пресметката и техничките услови;

- Изготвување на План за безбедност и здравје при работа на работници кои работат на привремени мобилни градилишта согласно Правилникот за минимални барања за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта ("Сл. весник на РМ" бр. 105.08);

- Поставување на ПП апарати во возилата и механизацијата кои ќе се употребуваат при изградбата на овој фотонапонски систем;

- За време на изградбата инвеститорот и изведувачот се должни да обезбедат нормален собраќај, да постават соодветни ознаки и да ги обезбедат ископите;

- За заштита на објектот од атмосферски празнења, потребно е да се изведе класична громобранска инсталација во комбинација со линиски заземјувач.

Неопходно е реализација на предвидените мерки со цел да се избегне евентуална појава на хаварии, пред се пожари од поголеми размери кои би влијаеле негативно, како по работната, така и по животната средина поради: емисија на штетни полутанти во воздухот, материјални штети и човечки жртви.

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), ќе се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Заштита и спасување од урнатини

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други

Атмосферски непогоди

При изработка на Урбанистичката Планска Документација се предвидени и пропишани мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр. 36/04, 49/04 и 86/08),и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

При изработка на Урбанистичката планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, доколку е потребно да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања. Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајки ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСЛ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување. Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РСМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот задобивање на одобрение за градење.

Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од 8 степени по MCS скалата, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

Табеларен приказ на мерките за заштита на животната средина

Ред. бр.	Опис на мерката	Цел на мерката изразена преку намалување на влијанијата врз животната средина	Временски распоред за реализација на планот за подобрување	Одговорно лице	Законска обврска
Заштита на воздух од загадување					
1.	Одржување на возилата и градежната механизација во исправна состојба; исклучување на возилата и градежната механизација кога не се во употреба	Намалување на емисиите на загадувачки материи во воздухот	За време на подготвителната и конструктивната фаза	Изведувач на градежните работи	Закон за квалитет на амбиентален воздух („Сл. весник на РМ“ бр. 67/04, 92/07, 47/11, 59/12, 163/13); Правилник за квалитетот на течните горива („Сл. Весник на РМ“ бр 88/07, 81/09); Уредба за гранични вредности на нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни
2.	Користење квалитетни горива за возилата и градежната механизација				
3.	Прскање со распрскувачи на база на вода	Намалување на прашина во воздухот			
4.	Камионите кои пренесуваат земјен материјал да бидат покриени				

Ред. бр.	Опис на мерката	Цел на мерката изразена преку намалување на влијанијата врз животната средина	Временски распоред за реализација на планот за подобрување	Одговорно лице	Законска обврска
					цели („Сл. Весник на РМ“ бр 50/05)
Заштита од бучава					
1.	Одржување на возилата и градежната механизација во исправна состојба; исклучување на возилата и градежната механизација кога не се во употреба	Минимизирање на нивото на штетната бучава и намалување на времето во кое нивото на бучавата е над дозволените граници	За време на подготвителната и конструктивната фаза	Изведувач на градежните работи	Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл. весник на РМ“ бр. 79/07, 47/11 163/13) и Правилник за гранични вредности на нивото на бучава во животна средина („Сл.весник на РМ“ бр. 147/08)
Управување со отпад					
1.	Ако настане биоразградив отпад од расчистување на теренот да се носи на одобрена локација од страна на општината	Соодветно управување со отпадот	Подготвителна фаза		Закон за управување со отпад („Сл. Весник на РМ" бр. 68/04; 71/04; 107/07; 102/08; 143/08;

Ред. бр.	Опис на мерката	Цел на мерката изразена преку намалување на влијанијата врз животната средина	Временски распоред за реализација на планот за подобрување	Одговорно лице	Законска обврска
2.	Другите фракции на отпад (комунален отпад од работниците, опасен отпад), да се предадат на овластени фирми за управување со овој тип на отпад.	Спречување на загадување на почвата, заштита на биодиверзитетот и нагрдување на пејзажот	Конструктивна фаза	Изведувач на градежните работи Изведувач на градежните работи Овластена фирма за подигање на опасен отпад[1]	124/09; 09/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16, 216/21)
Заштита на почвата					

[1] Само во случај на настанување опасен отпад

Ред. бр.	Опис на мерката	Цел на мерката изразена преку намалување на влијанијата врз животната средина	Временски распоред за реализација на планот за подобрување	Одговорно лице	Законска обврска
1.	Прекин на работните активности при неконтролирано излевање на гориво, масло, лубриканти и хемикалии, посипување со песок и отстранување на загадениот слој на почва, при што со загадениот материјал ќе се постапува како со опасен отпад	Спречување на деградирање на почвата Намалување на можноста за деградација на почвата и почвената биоценоза	Подготвителна фаза Конструктивна фаза	Изведувач на градежните работи	Закон за управување со отпад („Сл. Весник на РМ" бр. 68/04; 71/04; 107/07; 102/08; 143/08; 124/09; 09/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16, 216/21)

Ред. бр.	Опис на мерката	Цел на мерката изразена преку намалување на влијанијата врз животната средина	Временски распоред за реализација на планот за подобрување	Одговорно лице	Законска обврска
		Заштита на биодиверзитетот			
1.	Забрана на секакви активности кои го попречуваат спонтаниот развој на автохтоната флора и фауна; Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа; Не треба да се дозволи собирање на растенија, ловење на птици и други животни и сл.; Со цел да се избегне непотребното губење на биотопи, градежната зона треба да биде ограничени на минимум потребната површина за активности и	Заштита на биодиверзитетот (флората и фауната) Да се избегне непотребното губење на биотопи, или популации на растенија или животни	Подготвителна фаза Конструктивна фаза	Изведувач на градежните работи	Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14) Закон за управување со отпад („Сл. Весник на РМ" бр. 68/04; 71/04; 107/07; 102/08; 143/08; 124/09; 09/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16, 216/21)

Ред. бр.	Опис на мерката	Цел на мерката изразена преку намалување на влијанијата врз животната средина	Временски распоред за реализација на планот за подобрување	Одговорно лице	Законска обврска
	одложувањето/складирањето на материјали/опрема треба да се врши во граници на градежната зона. Се забранува палење оган поради било која причина; Да се обезбеди соодветна противпожарна опрема која постојано ќе биде на располагање; Одржување на уредноста на градилиштето и соодветно постапување со сите видови отпади генерирани во моментот на изградба. Да не се расфрлува отпад со што би се спречило загадување на живеалишта; Употреба на современа „тивка" работна опрема која ги задоволува				

Ред. бр.	Опис на мерката	Цел на мерката изразена преку намалување на влијанијата врз животната средина	Временски распоред за реализација на планот за подобрување	Одговорно лице	Законска обврска
	барањата на Директивата ЕС/2000/14 на Европската Унија за емисија на бучава од употреба на работна опрема во надворешни услови. При изведување на градежните активности, како и по завршување на истите да се превземат сите мерки за ревегетација и враќање на правобитната состојба на пределот. Употреба на постојни пристапни патишта и минимизирање на изградба на нови пристапни патишта, Мониторинг на флора и фауна Да се минимизира сечењето на растителната вегетација, Доколку е потребно расчистување на вегетација да се достави барање за отстранување на дрва согласно				

Ред. бр.	Опис на мерката	Цел на мерката изразена преку намалување на влијанијата врз животната средина	Временски распоред за реализација на планот за подобрување	Одговорно лице	Законска обврска
	законот за зеленило член 19;				
2	Заштита на биодиверзитетот (околната вегетација) преку зафаќање на делови кои се неопходни за спроведување на проектот Активностите да се во опфатот на проектот согласно План за организација на градилиштето. Планот да ги опфати мерките за правилна организација на градилиштето, спроведување на планиран систем на испуштање на отпадни води од градилишта (за да се спречи контаминација на почвата и деградација на околната вегетација. Планот да опфати и мерки за управување при итни случаи во случај на несреќи за време на изградбата. Пред изградбата јасно означување на	Правилен пристап кон начинот на заштита на биодиверзитетот (околната вегетација) Минимизирање на трагите од градежните работи преку соодветна локација на пристапни патишта и други објекти поврзани со работата на локациите на живеалиштата (точно означување на локациите за влез и излез на	Во подготвителна фаза и конструктивна фаза	Изведувач на градежните работи	Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14) Закон за управување со отпад („Сл. Весник на РМ" бр. 68/04; 71/04; 107/07; 102/08; 143/08; 124/09; 09/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16, 216/21)

Ред. бр.	Опис на мерката	Цел на мерката изразена преку намалување на влијанијата врз животната средина	Временски распоред за реализација на планот за подобрување	Одговорно лице	Законска обврска
	површините за расчистување на вегетацијата за да се спречи непотребното губење на вегетација во градежното подрачје.	местата означени за чување на работната механизација, складирање на хемикали и локациите на пристапните патишта)			
3	Да нема користење бетон / прскање со бетон на карпи и стрмни падини. Да се избегнува пробивање пристапни патишта кои ќе минуваат низ високо чувствителните хабитати Да се обезбеди постојана или повремена супервизија од експерт (еколог) за време на активностите во високочувствителните хабитати	Секаде каде постојат можности користење на постоечките пристапни патишта, како би се избегнало отстранување на вегетација. Забрането е пробивање пристапни патишта	Во подготвителна фаза и конструктивна фаза	Изведувач на градежните работи	

Ред. бр.	Опис на мерката	Цел на мерката изразена преку намалување на влијанијата врз животната средина	Временски распоред за реализација на планот за подобрување	Одговорно лице	Законска обврска
		кои ќе минуваат низ високо чувствителните хабитати Кога природните живеалишта може да бидат засегнати обучен/искусен еколог ќе советува за границите на градилиштето и ќе ги направи видливи (со на пр. лента или други средства, без бојадисување на карпите (природни живеалишта)			
Заштита на културно – историското наследство					
1.	Доколку при изведувањето на работите се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до	Заштита на културно – историското	Подготвителна фаза Конструктивна	Изведувач на градежните	Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, бр.115/07, бр.18/11,

Ред. бр.	Опис на мерката	Цел на мерката изразена преку намалување на влијанијата врз животната средина	Временски распоред за реализација на планот за подобрување	Одговорно лице	Законска обврска
	откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, бр.137/13, бр.38/14, бр.44/14 и 199/14), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл.129 од Законот.	наследство	фаза	работи	бр.148/11, бр.23/13, бр.137/13, бр.38/14, бр.44/14 и 199/14)
Управување со ризик (хаварија, несреќа или вонредни состојби)					
	Инсталацијата да се изведува според важечките прописи кои се однесуваат за овој вид на инсталации, според планот, пресметката и техничките услови; План за безбедност и здравје при работа на работници кои работат на	Управување со ризик (настанување хаварија, несреќа или вонредни состојби) Намалување на можност за	Подготвителна фаза Конструктивна фаза Фаза на користење	Изведувач на градежните работи	Правилнико за минимални барања за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта ("Сл. весник на РМ" бр. 105/08);

Ред. бр.	Опис на мерката	Цел на мерката изразена преку намалување на влијанијата врз животната средина	Временски распоред за реализација на планот за подобрување	Одговорно лице	Законска обврска
	привремени мобилни градилишта согласно Правилникот за минимални барања за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта ("Сл. весник на РМ" бр. 105/08); Поставување на ПП апарати во возилата и механизацијата кои ќе се употребуваат при изградбата на овој фотонапонски систем; За време на изградбата инвеститорот и изведувачот се должни да обезбедат нормален собраќај, да постават соодветни ознаки и да ги обезбедат ископите; За заштита на објектот од атмосферски празнења, потребно е да се изведе класична громобранска инсталација во комбинација со линиски заземјувач	инцидентни случаи Пред започнување на процесот на изградба на фотонапонскиот систем			

Ред. бр.	Опис на мерката	Цел на мерката изразена преку намалување на влијанијата врз животната средина	Временски распоред за реализација на планот за подобрување	Одговорно лице	Законска обврска
	Функционирање и управување соодветно законската регулатива				

7.9. Листа на законски прописи на кои се темелат предложените мерки за заштита на животната средина

▪ Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 89/22 и 171/22);

▪ Уредба за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина („Сл.Весник на РМ“ бр 36/2012)

▪ Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14)

▪ Закон за води („Сл. весник на РМ“ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13)

▪ Закон за управување со отпад („Сл. весник на РМ“ бр. 68/04; 71/04; 107/07; 102/08; 143/08; 124/10; 09/11, 51/11, 123/12, 147/13 163/13)

- Листа на отпади („Сл. Весник на РМ“ бр. 100/05)
- Правилник за количеството на биоразградливи состојки во отпадот што смее да се депонира („Сл. Весник на РМ“ бр. 108/09)
- Правилник за општите правила за постапување со комуналниот и со другите видови на неопасен отпад („Сл. Весник на РМ“ бр. 147/07)
- Правилник за постапките и начинот на собирање, транспортирање, преработка, складирање, третман и отстранување на отпадните масла, начинот на водење евиденција и доставување на податоците („Сл. Весник на РМ“ бр. 156/07)

▪ Правилник за квалитетот на течните горива („Сл. Весник на РМ“ бр 88/07, 81/09);

▪ Закон за квалитет на амбиентен воздух („Сл. весник на РМ“ бр. 67/04, 92/07, 47/11, 59/12, 163/13);

